ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# МОБИЛНОСТ



БРОЈ 82, АПРИЛ 2015
www.mobilnost.mk
e-mail: contact@mobilnost.mk















# МОБИЛНОСТ

## ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

*Издавач:*
*МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА*

*Уредувачки одбор:*
*Главен и одговорен уредник:*
Нико Јанков

*Одговорни уредници:*
Бранимир Јовановски
Митко Фидановски

*Издавачки совет:*
Бранимир Јовановски
Нико Јанков
Штерјо Николов
Стеван Ангелески
Атли Горенца
Мери Туџарова
Велибор Јакимовски
Бобан Јордановски
Дејан Ѓорѓиевски
Рамиз Касели
Горан Војновски

*Лектор:*
Ангелина Николовска

*Адреса:*
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

*Жиро сметка:*
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 1200 примероци
Излегува тримесечно
Бр. 82, Април 2015
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86“ е запишан
во регистарот на весниците

*Дизајн и компјутерска подготовка*
Далибор Јовановски

*Печат:*
„Фокус принт“ – Скопје

Весникот е бесплатен.

СОДРЖИНА

ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
ОДРЖАНА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ 3
ОДРЖАНА I СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ВО НОВИОТ СОСТАВ 4
ОДРЖАНА I СЕДНИЦА НА ИЗДАВАЧКИОТ СОВЕТ НА ГЛАСИЛОТО „МОБИЛНОСТ“ 5
ПРАВО НА НАБАВКА НА ВОЗИЛО СО РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ДДВ, АКЦИЗИ И ЦАРИНА 5
ОД 1 ЈАНУАРИ 2015 ГОДИНА ТРИ НОВИНИ ЗА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА НА ТОВАР НА ФЗОМ 6
ПРОЕКТ „ДОСТАПНА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ“ 7
ИНИЦИЈАЛЕН СОСТАНОК НА ТЕМА „ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИ ВО СОЦИЈАЛНИТЕ И ПОЛИТИКИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ“ 8
СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГЕРМАНСКА АМБАСАДА ВО СКОПЈЕ 11
ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА 12
„МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ КУПИ ДВА АПАРТМАНИ 13
КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ ВО 2015 ГОДИНА НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ 14
РЕАЛИЗАЦИЈА НА УШТЕ ЕДЕН ПРОЕКТ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА СТРУМИЦА 14
ДОНАЦИЈА ЗА МОБИЛНОСТ СТРУМИЦА ОД ГЕРМАНСКА АМБАСАДА - СКОПЈЕ 15
ШЕСТА СРЕДБА НА СОВЕТОДАВНИОТ ОДБОР НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА И ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 15
ПРОСЛАВА НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО РЕСЕН 17
НОВОГОДИШНА ПРОСЛАВА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 17
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ПРОСЛАВА НА СТАРА НОВА ГОДИНА – ВАСИЛИЦА 18
СОБРАНИЕ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 18
КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК ВО ОПШТИНА БИТОЛА 19
ХУМАНИТАРЕН КОНЦЕРТ ВО РЕСЕН 20
ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ 21
БЕЗ ТОЛЕРАНЦИЈА КОН ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ 23
ДОКТОРОТ ВИ ОДГОВАРА 23
СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 24
БЛАГОДАРНИЦА ЗА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ 24
НОВОГОДИШНА СРЕДБА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ 25
БАЈКА ЗА ЦАРОТ НАЈ И ДЕДО МРАЗ 26
ОД АКТИВНОСТИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ОСМОМАРТОВСКА СРЕДБА 26
ОСУМДЕСЕТИНА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ ВО ВИНИЦА НАСКОРО ЌЕ ДОБИЈАТ СВОЈ КЛУБ ЗА ДРУЖЕЊЕ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ 27
УЧЕСТВО НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ НА ОБУКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТИ ПО МОДЕЛОТ НА ЕУ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ (ЛЕСС) 28
НАГРАДНА ИГРА 29
СОРАБОТКА ПОМЕЃУ „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ И ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА 30
ЉУБЉАНА ГО ОСВОИ ТРЕТОТО МЕСТО ВО НАТПРЕВАРОТ „ПРИСТАПЕН ГРАД ЗА 2015“ 31
ИЗБРАН НАЈДОБРИОТ СПОРТИСТ СО ИНВАЛИДИТЕТ ЗА 2014 ГОДИНА 31
„КАПИТЕНИ НА ПРОМЕНИ“ 32
КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ПАРАОЛИМПИСКИ ИГРИ ВО РИО 2016 32



# Збор на уредникот

Времето минува, настаните се нижат, а ние? Во изминатиот период „Мобилност Македонија“ ги минуваше сите патеки кои се отвораа. Некои беа лесни, но имаше и тешки. Сите заедно водат кон една цел – максимално остварување на статутарните и програмски задачи. Во овие настани оптоварени со силни предизвици, раководниот тим (УО) на чело со претседателот оствари завидно ниво на реализација на целите и доби почит од поединците и институциите на системот во нашата држава.

Затворајќи го поглавјето на изминатиот период, членството акламативно ги поддржа насоките и даде уште еден мандат за продолжување на успешниот од. „Мобилност Македонија“ се етаблира како сериозна и зрела организација со прагматично и мудро раководство кое, штитејќи ги интересите на членството, остана целосно посветено на статутарните и програмски цели.

Старо-новото раководство со правилниот пристап обезбеди континуитет и респективен однос на институциите, што е за секоја пофалба. Сега, по изборите и одредувањето на насоките, потребно е „засукување на ракавите“. Една од насоките е и работата на проекти и актуелни проблеми. Работа на анимирање на средината и институциите. Работа со големи фондации и организации (ЕУ и УСАИД), министерствата и локалната самоуправа. Да бидеме во центарот на збиднувањата, да бидеме постојано присутни и да ги информираме надлежните и сите други релевантни фактори за нас и сè што е поврзано со нас.

Но, сето тоа да не биде разногласие, туку координирана активност. Тогаш силата на зборот ќе ги отвора сите врати што многу често се затворени. Затворени, но да бидат отворени од нашиот говор на факти. Факти коишто нема да можат да бидат премолчени или незабележани. Во овие турбулентни времиња да го сочуваме нашето достоинство со говор на факти, упорност и флексибилност. Ние имаме капацитети да го оствариме ова како што сме го остварувале досега, за подобра иднина на сите лица со инвалидност, за реалните проблеми кои ќе се решаваат со наша асистенција. Ништо да не се прави ЗА НАС, БЕЗ НАС.

Ова мото нека биде водилка во периодот што следи, придружен со сите наши мисли, напори, позитивна енергија и други поддржувачи. Нека нашите активности реализираат позитивни трендови, добри законски решенија, реална воведеност и остварување на правата кои чекаат да бидат реализирани. Во името на сето горенаведено, искрено Ве поздравувам и посакувам реализација на сите наши заложби.

Ваш,
прим. д-р *Нико Јанков*

# ОДРЖАНА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – „Мобилност Македонија“ на 28.02.2015 година одржа конститутивна седница на Собранието на сојузот за мандатниот период 2015-2019 година.

По спроведените избори во седумнаесетте здруженија, членки на „Мобилност Македонија“, беше составен списокот на 35 нови претставници за состав на Собранието на националниот сојуз.

Седницата до избор на претседател ја водеше најстариот член, Штерјо Нниколов од Штип. По изборот на записничар и двајца оверувачи на записникот, беа избрани верификациона и кандидациона комисија.

Верификационата комисија ги разгледа пристасаните документи и известија за спроведени избори во општинските и меѓуопштинските здруженија, членки на „Мобилност Македонија“ и констатира дека на претставниците на 3 здруженија во моментот не може да им се верифицира мандатот заради одредени пропусти и тоа:

-На Мери Туџарова од Струмица и на Галабка Илиева Коцева од Радовиш заради тоа што во записниците од нивните конститутивни Собранија немаше издвоена точка за избор на претставник на здружението за состав на новото Собрание на „Мобилност Македонија“ и им беше советувано доколку во рок од 2 месеци одржат нова седница на Собрание со оваа точка на дневен ред и записникот го достават до канцеларијата на сојузот, дека мандатот ќе им биде верифициран.

-На Венко Голабоски од Охрид заради тоа што здружението се уште нема добиено статус на инвалидска организација и доколку го добие решението за два месеци мандатот ќе биде верификуван, доколку не, мандатот ќе биде верифициран на следната седница на Собранието на „Мобилност Македонија“, односно по добивањето на решение за статус на инвалидска организација.

Во натамошниот тек на седницата беше верифициран мандатот на следните претставници за мандатниот период 2015-2019 година: Дејан Ѓорѓиевски, Жарко Петковски, Санде Штериов, Хакија Мекиќ, Томи Јаневски, Јулијана Николоска и Тони Митровски од Мобилност Скопје, Бранимир Јовановски и Драгана Стоилковиќ од Мобилност Куманово, Штерјо Николов, Елица Трпковска и Лидија Успрцова од Мобилност Штип, Горан Којновски и Анче Данев од Мобилност Кочани, Љубе Лазаровски од Мобилност Струмица, Георги Питов од Мобилност Свети Николе, Дејанчо Атанасовски од Мобилност Гевгелија, Михајло Михајлов од Мобилност Кавадарци, Горан Здравков од Мобилност Велес, Стеван Ангелески, Ѓорѓи Здравески и Влатко Најдоски од Мобилност Прилеп, д-р.Нико Јанков, Митко Фидановски, Васко Стефановски и Нада Тановска од Мобилност Битола, Велибор Јаќимовски, Нермине Изаири и Авни Хисмани од Мобилност Тетово, Рамиз Касели од Мобилност Струга, Атли Горенца од Мобилност Дебар и Бобан Јордановски од Мобилност Кичево

Кандидационата комисија за нов претседател на „Мобилност Македонија“ за мандатниот период 2015-2019 година го предложи Бранимир Јовановски, кој оваа функција успешно ја обавуваше и во претходниот мандат. Предлогот на кандидационата комисија беше прифатен со акламација, а Бранимир Јовановски им се заблагодари на довербата со ветување дека со тимска работа ќе настојуваме во периодот кој е пред нас во преговорите со претставниците на институциите да ги зголемиме правата и да ја подобриме положбата на лицата со телесен инвалидитет во Македонија.

Согласно Статутот, претседателот предложи листа на 10 членови на Управен одбор на „Мобилност Македонија“ и тоа: Дејан Ѓорѓиевски од Скопје, д-р. Нико Јанков од Битола, Штерјо Николов од Штип, Стеван Ангелески од Прилеп, Горан Војновски од Кочани, Рамиз Касели од Струга, Атли Горенца од Дебар, Бобан Јордановски од Кичево, Мери Туџарева од Струмица и Велибор Јаќимовски од Тетово. Листата беше ставена на гласање и едногласно усвоена од страна на присутните претставници на „Мобилност Македонија“.

Во Надзорен одбор беа предложени и едногласно избрани: Митко Фидановски од Битола, Елица Трпковска од Штип и Драгана Стоилковиќ од Куманово.

За претставници на „Мобилност Македонија“ во Националниот совер на инвалидските организации на Македонија едногласно беа избрани Бранимир Јовановски и Дејан Ѓорѓиевски, додека во Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во РМ, Бранимир Јовановски и д-р.Нико Јанков.

Беше донесена Одлука да се пристапи кон измени и дополненија на Статутот на „Мобилност Македонија“ и здружените членки, како и да се продолжи членството во меѓународната организација ФИМИТИК. Беше избрана Комисија за избори и именувања во состав: Бранимир Јовановски, Штерјо Николов, Авни Хисмани, Елица Трпковска и д-р.Нико Јанков.

*Б.Јовановски*

# ОДРЖАНА I СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ВО НОВИОТ СОСТАВ

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – „Мобилност Македонија“ на 10. 03. 2015 година ја одржа првата седница на Управниот одбор на сојузот за мандатниот период 2015-2019 година.

На седницата беа поставени бројни точки на дневниот ред. Најнапред беше разгледан и усвоен Записникот од седницата на УО одржана на 24.01.2015 година, потоа од страна на претседателот беше дадена исцрпна информација за реализирани активности помеѓу двете седници на Управниот одбор и беа избрани работните тела и комисиите на „Мобилност Македонија“ за новиот мандатен период и тоа:

- Дисциплинска комисија: Марина Ташкова, Нермине Изаири и Васил Томов;

-Комисија за здравство и рехабилитација: д-р.Нико Јанков, д-р.Славчо Илиев, Рашо Талунџиќ, Нада Таневска и Горан Здравков.

-Комисија за образование и култура: Томче Најдовски, Стеван Ангелевски, Мери Туџарова, Кире Огненовски и Никола Марачков;

-Статутарно правна комисија: Елица Трпковска, Персида Пренцова и Митко Фидановски;

-Комисија за спорт: Васко Стефановски, Дејан Ѓоргиевски, Лидија Успрцова, Дејан Атанасовски и Томи Јаневски;

Во натамошниот тек на седницата беше донесена Одлука за определување на работни задачи на вработените лица во здруженеите членки на „Мобилност Македонија“, кои се избрани во органите насојузот, беше избран Издавачкиот совет и Уредувачкиот одбор на гласилото „МОБИЛНОСТ“, беа донесени одлуки за: распределба на апартманите за закрепнување и рехабилитација во Охрид и утврдување на висината на надоместокот за храна и превоз во 2015 година за корисниците на апартманите; обезбедување на закрепнување и рехабилитација за членовите од Мобилност Охрид и Мобилност Струга во 2015 година и надомест за превоз; доопремување на апартманите за одмор и закрепнување и набавка на потребен ситен инвентар, поправки и чистење на апартамни; продолжување на Договорот за работа со лицето кое ги извршува работите на позиција – домаќин и хаус мајстор во апартманите во Охрид во 2015 година; исплата на надомест за патни и дневни трошоци на ангажирани лица во „Мобилност Македонија“; спроведување на финансова контрола на работењето во општинските организации на „Мобилност Македонија“ и тоа во Прилеп, Охрид, Велес, Кавадарци и Битола; исплата на надомест за патни трошоци на лицата кои како волонтери обавуваат административни работи во здруженијата во 2015 година; исплата на средства на здруженијата за медицински помагала на членовите; печатење на пристапници за редовни, вонредни и почесни членови.

Потоа беа донесени одлуки за одржување на следните традиционални манифестации и активности на Мобилнст Македонија: организирање на VI-та Меѓународна ликовна колонија од 22-28.04.2015 година во Охрид и набавка на сликарски материјал и други потребни трошоци; оргнизирање на 27-ти Републички спортски игри на лица со телесен инвалидитет на Македонија и закупување на пансиони за период 04-07.06.2015 година во комплекс хотели „МИЗО“ во Охрид; организирање на 21-ви Републички квиз натпревар за лица со телесен инвалидитет од 24-25.10.2015 година во Струмица; одржување на 21-ви музички фестивал (втор на отворена сцена) во рамките на Опен Фест Струмица 6-16.08.2015 година; одржување на 21-ти литературни средби на лицата со телесен инвалидитет во рамките на Изложбата на ликовни дела од шестата колонија на 02.12.2015 година; одржување на 18-та „Тортијада“ за членови, лица со телеен инвалидитет; организирање на „Масовна средба во природа“ за лицата со телесен инвалидитет на 13 или 20 јуни 2015 година; распишување на оглас за град домаќин за одбележување на „4-ти Декември“ - Ден на лицата со телесен инвалидитет на Македонија; одржување на 27-мо Државно шаховско првенство на лица со телесен инвалидитет во септември 2015 година; распишување на оглас за организација на три „Тематски работилници“ на актуелни теми за лицата со телесен инвалидитет.

*Б.Јовановски*

# ОДРЖАНА І СЕДНИЦА НА ИЗДАВАЧКИОТ СОВЕТ НА ГЛАСИЛОТО „МОБИЛНОСТ“

На 10.03.2015 година, по завршување на седницата на Управниот одбор, се одржа седница на Издавачкиот совет на гласилото на сојузот „МОБИЛНОСТ“. Издавачкиот совет на гласилото „МОБИЛНОСТ“ го сочинуваат членовите на Управниот одбор на сојузот. На седницата беше донесена Одлука за Уредници на гласилото. Како и до сега, за уредници на гласилото беа избрани Бранимир Јовановски, д-р.Нико Јанков и Митко Фидановски. За следните четири броја на гласилото за главен и одговорен уредник е избран д-р Нико Јанков, а понатаму уредниците се ротираат на една година. Во продолжение на седницата беа потврдени одлуките за исплата на надоместоци за авторски хонорари на уредниците и на дописниците на гласилото, а беше потврден и квантитетот на печатењето на гласилото во 1.200 примероци.

*Б.Јовановски*

# ПРАВО НА НАБАВКА НА ВОЗИЛО СО РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ДДВ, АКЦИЗИ И ЦАРИНА

„Мобилност Македонија“ во изминатите години мошне активно дејствуваше на полето на враќањето на правото за набавка на моторно возило со враќање на данок на промет, акцизи и царина за лицата со минимум 80% телесно оштетување на долните екстремитети или карлица, на начин на кој остварувањето на ова право беше решено со стариот Закон за данок на промет на производи и услуги, во член 14, точка 14, кој од 1999 година е вон сила. Напишавме десетици писма до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика, имавме многу разговори, преговори и договори со повеќе министри, баравме ова право да е слободно право за сите лица со инвалидност кои ги исполнуваат критериумите, предлагавме механизми за заштита од злоупотреба на правото и конечно, по многу труд и исчекување Собранието на РМ на својата седница одржана на 02.03.2015 година донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 33 од 05.03.2015 година, во кој е вметната нова глава VII-А која гласи РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА НАБАВКА НА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛИ и содржи пет нови члена од 213-а до 213-д и нов член 254-б.



Со овие членови се уредува можноста за набавка на патнички автомобил, меѓутоа решението не е најдобро. Имено, најнапред со законот се отвори широка можност за набавка на патнички автомобил за сите лица со инвалидност (телесни, слепи, глуви и интелектуално попречени) што е широк спектар на корисници (додадени се глувите и интелектуално попречените кои никогаш до сега не го користеле ова право) иако моторното патничко возило е потреба пред сè за лицата со телесен инвалидитет на кои им служи како ортопедско помагало. Иако во преговорите се обидувавме многу пластично да го објасниме ова, сепак законодавецот го прошири правото и на други категории инвалидност.



Од друга страна, право на набавка на патнички автомобил ќе има мала група на лица со инвалидност на годишно ниво, бидејќи средствата со кои ќе се рефундираат данокот за додадената вредност, акцизите и царината ќе бидат средства од програма на Министерство за труд и социјална политика и според најавата од министерот



за труд и социјална политика капацитетот ќе биде околу 100 возила на годишно ниво. Веднаш прашавме: кои лица ќе имаат предност, по кои критериуми ќе се остварува правото... едно е сигурно, ќе биде мошне тешко и сложено, особено што повеќе илјади лица ќе побараат остварување на ова право и објективно со ваква динамика не може да се ротираат ниту за 20 години... а тоа не е решението кое го баравме. „Мобилност Македонија" упорно бара состанок со министерот за финансии со желба директно да ги објасни потребите, меѓутоа и бенефитите, да побараме оваа одлука да се измени и да



им се дозволи право на набавка на патничко моторно возило на сите оние лица со телесен инвалидитет кои ги исполнуваат критериумите веднаш, а не со програма. Тешко оди остварувањето на оваа наша заложба, меѓутоа останува нашата упорност и покрај сите тешкотии со кои се соочуваме во обидот за остварување на работен состанок со министерот Ставрески. Во меѓувреме од Министерството за труд и социјална политика побараа наш претставник во работна група која ќе ги прави критериумите за спроведување на Законот. Напоменуваме дека одредбите од додадените членови од 213-а до 213-д, како и членот 254-б стапуваат на сила од 01.01.2016 година.

*Б.Јовановски*

# ОД 1 ЈАНУАРИ 2015 ГОДИНА ТРИ НОВИНИ ЗА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА НА ТОВАР НА ФЗОМ

Соработката помеѓу Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија" и Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) резултираше со новини во делот на ортопедските помагала, како поквалитетно решение во корист на осигурениците.

На 29.12.2014 година во просториите на ФЗОМ се одржа прес-конференција на која присуствуваа директорката на ФЗОМ, Маја Парнарџиева-Змејкова и



претседателот на „Мобилност Македонија", Бранимир Јовановски. Директорката на ФЗОМ, Маја Парнарџиева-Змејкова, ги презентираше новините истакнувајќи дека правото за електромоторна инвалидска количка – скутер се однесува за сите лица кои имаат одземен од и одземена една или две раце но со сочувани движења за безбедно управување на скутерот. Посочи дека првпат се остварува ново право по 2000 година во сегментот за



инвалидски колички. Фондот за воведувањето на скутерот како ортопедско помагало годишно дополнително ќе одвои 14 милиони денари. Ова право за да го остварат

околу 1000 граѓани во следните пет години, потребно е да обезбедат конзилијарно мислење во соодветната клиника за својата дијагноза, како и дополнителни специјалистички прегледи со цел да ни потврдат дека се способни за управување со електромоторна инвалидска количка – скутер, односно дека безбедно може да ја користат во сообраќај. Електромоторните инвалидски колички – скутери се движат на електрична енергија, со едно полнење можат да поминат од 40 до 45 км, имаат специјално приспособени седишта за полесен влез и излез на лицата со инвалидност, се движат со брзина од 10 до 15 км на час, но лимитирана на максимални 25 км на час.

„Во 2015 година очекуваме од 200 од 1000 граѓани веќе да ги подигнат електромоторните колички. Тоа се или нови лица кои имаат ваков вид инвалидитет или постојни кои досега користеле универзална количка, а




сега им истекува периодот на нејзино користење и кога доаѓаат во подрачните служби на Фондот може наместо таква да подигнат електромоторна инвалидска количка – скутер и дополнително собна количка“ – истакна Маја Парнарџиева-Змејкова.

Претседателот на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ истакна дека иницијативата е за поздравување и дека ќе ја продолжат соработката со Фондот и натаму во насока на реализирање и на останатите барања за подобри и пософистицирани ортопедски помагала за лицата со телесен инвалидитет.

„Електромоторниот скутер ќе биде од голема корист за лицата над 65 години со претпоставка дека нивниот организам заслабнува и дека туркањето со силина на рацете за придвижувањето на инвалидската количка за нив е релативно потешко за разлика од младата генерација, како и за лицата до 26-годишна возраст кои се многу активни во смисла одење на училиште, на работа, забавен живот, спортски активности итн.“, истакна Јовановски.

*Б.Јовановски*

# ПРОЕКТ „ДОСТАПНА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ“

Владата на Република Македонија спроведе проект кој е насочен кон помош на лицата со инвалидност за олеснување на нивната состојба и надминување на бариерите со кои се соочуваат при остварување на нивните права. Имено, во периодот од октомври до декември 2014 година беа спроведувани низа обуки низ кои беа обучени 776 вработени лица во државната и јавната администрација и во институциите на системот, кои доаѓаат од вкупно 269 институции, со цел да се надминат бариерите со кои се соочуваат лицата со инвалидност





и олеснување на нивната комуникација со државните служби за остварување на нивните права и обврски. Сертификатите беа доделени во просториите на ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје, а на церемонијата на доделувањето на сертификатите на обучени лица во рамките на проектот „Достапна администрација за лица со инвалидност“ присуствуваа министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов и министерот за информатичко општество и администрација, Иво Ивановски.

*Б.Јовановски*

# ИНИЦИЈАЛЕН СОСТАНОК НА ТЕМА „ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИ ВО СОЦИЈАЛНИТЕ И ПОЛИТИКИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ“

На 17.12.2014 година во „Музејот на македонската борба за државност и самостојност“ во Скопје, претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, учествуваше на Иницијалниот состанок по покана од Министерството за труд и социјална политика како еден од презентерите. На овој важен Иницијален состанок практично се започна креирањето на Програмата за реформи во социјалните и политиките за вработување, меѓу кои и за политиките за вработување на лицата со инвалидност. Процесот во разни фази се предвидува да трае континуирано до 2020 година.



Мартин Клауке, раководител на одделот за соработка во рамките на делегацијата на Европската Унија во Македонија, смета дека оваа програма ќе ја приближи Македонија кон Унијата и дека ќе овозможи економскиот раст да се фокусира кон зголемување на вработувањето. Тој смета дека со заедничка работа во текот на следните години на спроведување на потребните реформи и обид Република Македонија да ги исполни сите цели потребни за пристапување кон ЕУ, програмата може да стане важна алатка за справување со невработеноста, да обезбеди социјална инклузија, како и да придонесе за подобрување на целокупната состојба на граѓаните и ќе овозможи поголем пристап на Македонија до фондовите на Унијата.

На отворањето на состанокот, министерот за труд и социјална политика Диме Спасов истакна: „Се спроведуваа и се спроведуваат бројни програми, мерки и активности насочени кон подобрувањето на состојбите на пазарот на труд, зголемување на вработеноста и намалување на невработеноста, справување со сивата економија, јакнење на социјалниот дијалог, поттикнување на инвестициите и отворање на нови работни места, политики и мерки за намалување на високата невработеност кај младите, подобрување на усогласеноста на понудата и побарувачката на работна сила, мерки за поголемо поврзување на системот на образование со реалните потреби на пазарот на труд и олеснување на преминот на младите лица од образование кон вработување. Се воведоа мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во државата, мерки со кои се зголемија пензиите, се зголемуваат и износите на различните парични давања и социјални бенефиции за различни ранливи категории на граѓани, се зголеми и опфатот преку воведување на нови права и социјални услуги за одредени групи на граѓани кои се наоѓаат во состојба на социјален ризик. Се имплементираа програми и мерки за унапредување на состојбата на инвалидните лица, на старите лица, на децата, на Ромите, за справување со демографските предизвици со кои е соочена државата, мерки за интензивирање на процесот на деинституционализација, мерки за поуспешна превенција и заштита од одредени негативни појави во општеството како што се семејното насилство, злоупотребата и занемарувањето на деца, појавата на деца на улица, злоупотребата на дроги итн.“

Претседателот на „Мобилност Македонија“ говореше на тема „Дали лицата со инвалидност се ,невидливи работници“, под тема „Бариерите во образованието (архитектонски и наставни) како фактор за нискиот степен на едукација на лицата со инвалидност“.

Во својот говор, Бранимир Јовановски истакна: „Полот, возраста, видот и степенот на инвалид-

носта се фактори кои влијаат на степенот на вклученост на лицата со инвалидност на пазарот на трудот. Идентификување на овие фактори, преку собирање на податоци и обезбедување на соодветно разумно приспособување преку различни шеми на политиката за вработување на лицата со инвалидност се клучните услови за надминување на негативната положба која е значително влошена со економската криза во која последните години западна светската економија. Според најновите податоци на ЕУ, сè уште има разлика од 26% во однос на стапките на вработување на лица со и без инвалидност на територијата на целата ЕУ. Во Република Македонија овој процент е уште поизразен на штета на лицата со инвалидност. И покрај спроведувањето на разни национални и регионални политики во насока на зголемување на учеството на лицата со инвалидност на пазарот на трудот, севкупната стапка на вработеност на лицата со инвалидност е значително пониска отколку кај лицата без инвалидност, со што уште повеќе се зајакнува социјалната нееднаквост. Пристапот до вработување е фундаментално право и услов за лицата со инвалидност да бидат во можност да живеат независно и да го подигнат квалитетот на нивниот живот на повисоко ниво. Правото на работа е основно човеково право. Сепак, лицата со инвалидност често не се вработени од страна на работодавците како резултат на негативните перцепции во однос на нивната способност да придонесат во процесот на работењето, високата цена за адаптација на работните места во зависност од нивната инвалидност или заради недостапни работни места. Често, работодавците не се свесни за придонесот кој лицата со инвалидност можат да го постигнат на различни работни места, преку употреба на адаптирани помошни технологии, како и други мерки за разумни услови за работење. Со користење на адекватна технологија и приспособување на работното место, лицата со инвалидност се во можност целосно да ги извршуваат своите работни задачи. Кога работодавците преземаат мерки за идентификување и елиминирање на бариерите за вработување, унапредување и задржување на лицата со инвалидност на работното место, тие всушност промовираат култура на работното место врз основа на фер практики што ги штитат лицата со инвалидност и овозможуваат истите да бидат третирани со почит и достоинство, како и да ги уживаат еднаквите услови за вработување. За постигнување на



социјална еднаквост, потребно е да се создаде работна околина која е отворена, инклузивна и достапна, и која им овозможува на лицата со инвалидност целосно да учествуваат на пазарот на трудот и да придонесат за обезбедување на работна сила. Лицата со инвалидност не се хомогена група. Тие може да имаат физичка, сензорна или интелектуална инвалидност. Тие може да имаат инвалидност од раѓање, или стекната во детството, во тинејџерските години или подоцна во животот за време на понатамошно образование или додека се во работен однос. Нивната инвалидност може да има мало влијание врз нивната способност за работа и непречено да учествуваат во општеството, или пак инвалидноста може да има големо влијание врз нивната способност и да бара значителна поддршка и помош. Насекаде низ светот, луѓето со инвалидност учествуваат и придонесу-

ваат во работата на сите нивоа. Сепак, голем број лица со инвалидност, кои сакаат да работат немаат можност да работат поради многу бариери. Една од основните причини за големата невработеност на лицата со инвалидност е степенот на образование и совладани вештини и знаења за одреден работен процес. Поразителен е податокот дека од лицата со инвалидност кои активно бараат работа во Агенцијата за вработување на Македонија, скоро 35% се со ниско образование и без квалификации, апсолутно неконкурентни на пазарот на трудот. Со новиот Закон за вработување на лица со инвалидност кој е во фаза на донесување, предвидена е мерка професионална рехабилитација, со која се надеваме дека ќе се премости дел од оваа бариера преку преквалификација и доквалификација на лицата со низок степен на образование и овозможување на стекнување на знаења и вештини кои можат да ги направат конкурентни на пазарот на трудот".



Понатаму, Јовановски дискутираше за бариерите на опкружувањето, пред сè во однос на пристапноста до и во објектите во кои се изведува настава во предучилишно, основно, средно и високо образование, за непочитување на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите, кој во овој случај предвидува објектите за предучилишно, основно, средно и високо образование да мора да ги содржат елементите на пристапност на влезниот простор, комуникација во внатрешниот простор, тоалетите, бањите и туш кабините, училниците, кабинетите и другиот работен простор, како и огласното пано.

„За жал, мораме да констатираме дека многу мал број на објекти во Република Македонија во кои се изведува наставата ги задоволуваат пропишаните елементи на пристапност, а со самото тоа ги оневозможуваат децата со пречки во развојот да се стекнат со повисок степен на едукација и соодветни занаети, вештини и занимања кои се конкурентни на пазарот на трудот. Децата со пречки во развојот се принудени да изучуваат занимања кои се на програмата во колку-толку адаптираните училишта, а не согласно со својата дарба, желба и искажаните афинитети, што во голем број случаи е лимитирачки фактор за нивна вертикална проодност во високото образование и одлуката да се запишат на факултет. Архитектонските бариери се само почетокот на проблемите. Следењето на наставата, комуникацијата со светот и пристапот кон интернет се исто така важен сегмент од општото живеење. Додека за лицата со телесна инвалидност, архитектонските бариери се во најголема мера пречки во образованието и им претставуваат тешкотии за пристап до објектите во кои се изведува наставата, на лицата со оштетен слух, вид и на интелектуално попречените лица им се неопходни други помагала за редовно следење на наставниот процес" – истакна Јовановски.

На состанокот присуствуваа претставници од Европска комисија, од повеќе министерства, од Синдикатот, од комориte на работодавците, од други институции и од одделни организации од невладиниот сектор. Презентацијата наиде на големо одобрување од присутните и заинтригира дел од нив (особено работодавците) да размислат подлабоко за спроведување на мерките на пристапност во нивните фирми. „Вие веројатно и не знаете дека вашите непристапни фирми и дуќани двојно ги хендикепираат лицата со инвалидност. Еднаш како консументи на вашите производи и услуги, а вторпат како можност истите да бидат вработени кај вас. Двоен хендикеп, а една причина: АРХИТЕКТОНСКИ БАРИЕРИ" – го заврши своето излагање претседателот на „Мобилност Македонија".

*Б.Јовановски*

# СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГЕРМАНСКА АМБАСАДА ВО СКОПЈЕ

На 02.04.2015 година, во канцеларијата на Мобилност Маедонија се одржа средба помеѓу Јан Грензебах – практикант во Германска амбасада во Скоје, Клаудија Петровска, оддел за администрација при амбасадата, претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски и генералниот секретар Софка Прчева.

Тема на средбата беше имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност. Во разговорот ги истакнавме проблемите со архитектонските бариери кои всушност претставуваат и најголема пречка за целосна инклузија на лицата со телесен инвалидитет во општеството, бариери кои го спречуваат образованието на лицата со најтежок телесен инвалидитет и со самото тоа ги ставаат во редот на неконкурентни лица на пазарот на трудот, потоа разговаравме за квалитетот на ортопедските помагала и роковите за користење како предуслов за самостојно движење, за јавниот градски превоз, за надоместоците како компензација на инвалидноста...



Особен акцент во разговорот ставивме на Законот за измената и дополнувањето на Законот за градење донесен на 30.07.2014 година на член 11 кој се менува и гласи:

“(1) Градба со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради како и градби со станбено-деловна намена, мора да биде проектирана и изградена така што на лицата со инвалидност ќе им се овозможи непречен пристап, движење, престој и работа до и во градбата.

(2) Градба со намена домување во станбени згради како и градба со станбено-деловна намена, со десет и повеќе станови, треба да биде проектирана и изградена така што да биде приспособена за пристап, движење, престој и работа на лица со инвалидност, во најмалку еден стан на секои десет стана, но не во повеќе од четири стана, а најмалку 3% од вкупниот број на местата за паркирање во паркинг просторот на овие градби треба да бидат наменети за лица со инвалидност и треба да бидат обележани со соодетна хоризонтална и верти-кална сигнализација.

(3) При изградба на нови како и при реконструкција на постоечки јавни површини-пешачки патеки во цен-трално градско јадро и во паркови, јавната површина-пешачка патека треба да биде проектирана и изведена така што истата ќе има и патека за движење на лица со телесен хендикеп и лица со оштетен вид.

(4) Техничките карактеристики и димензиите на патеката за движење на лица со телесен хендикеп и лица со оштетен вид, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за врше-ње на работите од областа на уредување на просторот.

(5) Начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и рабо-та на лица со инвалидност до и во градбите од ставовите (1) и (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.“

Од наша страна беше презентиран и Правилникот за начин на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите донесен 2010 година. Секако дека потенциравме дека едно е донесување на легислативата, а друго покажува праксата според која сведоци сме на мноштво на непочитување на одредбите од гореспомнатите акти.

Мобилност Маедонија ќе ја продолжи соработката со Германска амбасада во Скопје, со цел да реализираме проекти од интерес за лицата со телесен инвалидитет.

*Б.Јовановски*

# ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА

Подолго време во нашата држава се спроведува постепено процесот на деинституционализацијата и овој процес иако сè уште не довршен и за голем број на лица со инвалидност е непозначница бидејќи ретко оваа тема е третирана на трибини, работилници или семинари организирани од некои наши здруженија или од страна на „Мобилност Македонија". Сметам дека треба на овој начин да се запознаат нашите членови со оваа тематика бидејќи дел од нашето членство е засегнато од овој многу важен сегмент од секојдневниот живот.

Процесот на реформирање на системот на социјална заштита во нашата држава започна некаде во деведесеттите години со формирањето на дневен центар за возрасни лица со интелектуални пречки во Крива Паланка. Најсериозерн чекор кон оваа деинституционализација беше направен со потпишувањето на Меморандумот за соработка меѓу Министерството за труд и социјална политика, УНИЦЕФ и Светската здравствена организација по што беше административно забрането прием на нови лица на лица со интелектуални пречки во Специјалниот завод во Демир Капија.

Министерството за труд и социјална политика потоа почна да поддржува социјални служби за дневен престој за лицата со интелектуална попреченост и беше воспоставена мрежа од повеќе такви центри претежно за деца со посебни потреби. Од 2007 година Министерството почна да поддржува финансиски дневни центри за возрасни лица со интелектуална попреченост со кои раководат невладини организации, а во рамките на програмата за воспоставување на соработка со НВО-секторот.

Во истата таа година за прв пат беше изработена Националната стратегија за деинституционализација (2008-2018), а приоритетна цел е пред сè деинституционализација на Специјалниот завод во Демир Капија.

Покрај оваа стратегија и Законот за социјалната заштита, деинституционализацијата е опфатена и со други прописи како што се: Закон за вработување на инвалидни лица, Закон за семејството, Закон за локалната самоуправа, како и Правилник за критериуми и доделување на еднократен надомест од специјалниот фонд за вработување и работни услови за инвалидни лица.

Во согласност со член 32 од Законот за социјалната заштита право на сместување во згрижувачко семејство има лице кое нема услови за живеење во своето семјство или од други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство. Ова право можат да го користат ранливи групи лица со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лица со длабоки пречки во менталниот развој и лица со трајна телесна попреченост на кои им е потребно трајно згрижување и нега.

Ова се спроведува во секојдневната работа на центрите за социјална работа особено при згрижувањето на деца без родители и родителска грижа кои истовремено се со пречки во психичкиот или физичкиот развој.

Во оваа форма на згрижување е предвидена можност згрижувачот да заснова работен однос како згрижувач договорно, доколку чува најмалку три или повеќе деца. Министерството во вакви услови може да наметнува и повисоки критериуми при избор на семејство, односно што се треба да исполнува семејството кое сака да згрижува вакви лица. На овој начин може да се достигне и повисоко ниво на услугите кои ги добиваат згрижените лица. Секое семејство од Министерството за труд и социјална политика добива месечен надоместок кој се движи некаде повеќе од 200 евра во денарска противвредност. За згрижувачите е предвидена и уште една поволност, а тоа е кога ќе достигне одредена старосна граница од 62 години добиваат право на паричен надомест во вид на пензија. Услов за тоа е покрај одредената возраст правото на пензија да не го остварува по друг основ и да ја извршувал функцијата на згрижувач најмалку десет години или да ја вршел функцијата згрижувач во своето семејство непрекинато пет години пред наполнувањето на 62 години.

Согласно со Законот за социјалната заштита освен установи за социјална заштита и социјална сигурност и вонинституцијална заштита покрај дневните центри за лица со интелектуални или физички пречки, постојат и Центар за давање помош во домашни услови; згрижување во семејство; мали групни домови и советувалишта.

Во мал групен дом се обезбедуваат повеќе видови на програми за поддршка засновани во заедницата, вклучително домување и активности за забава и слободно време. Видот, степенот и опсегот на поддршката, како и луѓето одговорни за давање на поддршката се дефинирани со планови развиени за секое лице посебно како планови насочени кон личноста.

Мал групен дом може да се формира како институција за социјална заштита, како посебна организациска единица на институциите за социјална заштита или други правни лица, како и од физички лица кои поседуваат лиценца за спроведување на специфични активности за социјална заштита. Министерот со подзаконски акт ги одредува ус-

ловите, квалификациите и бројот на вработени кои обезбедуваат поддршка во мал групен дом, како и физичките услови и потребната опрема.

И покрај започнатиот процес на деинституционализација во нашата држава сè уште постојат установите за социјална заштита на лицата со инвалидност. Такви установи се: Завод за заштита на деца и младинци во Скопје, кој го посетуваат лица со умерена и тешка попреченост во интелектуалниот развој со кои работат стручни лица дефектолози, психолози, социјални работници, работни терапевти и воспитувачи; Специјалниот завод во Демир Капија каде што се сместени лица со тешка и најтешка попреченост во интелектуалниот развој за кои се грижат негуватели, дефектолози, физиотерапевти и медицински сестри; Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско“ – Струмица. Во овој завод се сместени лица на возраст од шест до 62 години, но има и лица кои се над горната граница. Во рамките на заводот има повеќе оддели: општ оддел, стационар за основно и средно образование, медицинско одделение, оддел за производно и работно оспособување и нов оддел со 22 апартмани со вкупен капацитет од околу 80 лица.

Одлука за сместување на лица со телесен инвалидитет во институцијата донесува Министерството за труд и социјална политика по предлог на Центарот за социјална работа, а по барање и во согласност на родителите односно старателот на лицето и самото лице.

Процесот на деинституционализацијата е обврска на нашата држава и согласно со Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност која со ратификацијата стана дел од нашето законодавство. Да се потсетиме што вели Конвенцијата за оваа проблематика:

Државите потписнички го признаваат правото на еднаквост на сите лица со инвалидност да живеат во заедниците, по избор како и другите, и да преземаат ефикасни соодветни мерки да обезбедат уживање на лицата со инвалидност на своето право и нивно целосно вклучување и учество во заедницата, а особено обезбедуваат: право на избор на местото на живеење, каде и со кого да живеат, на еднаква основа со другите и не се обврзани да живеат според одредени организирани услови на живеење; пристап до обем на домашни, резидентни и други заеднички поддржани услуги, како и лична помош неопходна за поддршка на живеење и вклучување во заедницата и спречување на изолација и сегрегација од заедницата; заеднички услуги и капацитети за општа популација да се достапни на еднаква основа на лицата со инвалидност и да одговараат на нивните потреби.

Во овој дел од Конвенцијата се зафаќа и правото за персонален асистент како начин да му се помогне на лицето со инвалидитет. Ова право кај нас допрва треба да се усвои и да се разработи низ правната регулатива. Првите почетоци на ова право, за Ваша информација драги читатели, се во Општина Ресен. Колку што мене ми е познато по наша иницијатива оваа општина прва започна со пилот-проект за давање на услуги на лицата со инвалидност со персонален асистент. Наскоро овој прокет ќе почне да се имплементира во практика и неколку наши членови ќе ги користат услугите на волонтерите асистенти. За текот и реализацијата на овој проект ќе известам во некој нареден број на нашето гласило. Се надевам дека позитивните искуства од овој проект кој ќе се реализира од страна на Општина Ресен и „Мобилност Битола“ преку нашата канцеларија во тој град и активистите кои сесрдно се заложија за овој проект, ќе доведе до измена на прописите во државата и дека ова ќе заживее во цела држава.

*Митко Фидановски*

# „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ КУПИ ДВА АПАРТМАНИ

Од неодамна здружението може со гордост да се пофали дека за прв пат од своето постоење, па до денес е сопственик на објекти за одмор на своите членови, односно купи два апартмани во Асамати на Преспанското Езеро.

Апартманите се набавија од АДГ „Маврово“ – Скопје кое е во стечај. Тие ќе останат во трајна сопственост на „Мобилност Скопје“. Во тек е реновирање на истите кои ќе бидат адаптирани и приспособени за движење на лицата со телесна инвалидност.

Сите членови на „Мобилност Скопје“ ќе имаат можност да ги користат апартманите. Тие се од тврда градба со површина од 32 $m^2$ и внатре се комплетно опремени. „Мобилност Скопје“ им се заблагодарува на сите кои помогнаа да се соберат средства за купување на овие апартмани, како на оние што помогнаа со донации така и на оние што ни помогнаа со давање на позајмици. Голема благодарност изразуваме на „Мобилност Македонија“ за нивната поддршка, исто така и на „Мобилност Битола“, „Мобилност Куманово“ и „Мобилност Кичево“, како и на сите останати добри луѓе кои ни излегоа во пресрет.

*Елена Ѓурчиноска*

# КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ ВО 2015 ГОДИНА НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“

Управниот одбор на „Мобилност Македонија“, на седницата одржана на 10.03.2015 година, за реализација на програмските активности ги утврди следните рокови:

1. Рокот за поднесување молби за користење на апартманите за одмор и закрепнување во Охрид е од 01.04.2015 до 15.04.2015 година.

2. Репрезентативниот и новиот апартман имаат право да ги користат членовите на Управниот одбор, Собранието на „Мобилност Македонија“ и членовите на одделните комисии. Рокот за поднесување на молбите за користење на овие апартмани е од 01.04.2015 до 30.04.2015 година.

3. XXVII Републички спортски игри на „Мобилност Македонија“ ќе се одржат од 4 до 7 јуни 2015 година во хотелскиот комплекс „Мизо“ во Охрид. Рокот за поднесување на екипите со натпреварувачите дополнително ќе биде соопштен.

4. XXI Републички квиз-натпревари ќе се одржат на 24 и 25 октомври 2015 година, во хотел „Цар Самуил“ во Банско, Струмица. Квалификациските натпревари во здруженијата ќе се одржат на 10.09.2015 година со почеток во 17.00 часот. Прашањата ќе бидат доставени во канцелариите на здруженијата по електронски пат во 16.30 часот, а одговорите на истите во 18.00 часот. Здруженијата резултатите од квалификацискиот натпревар со записник треба да ги доставаат до Сојузот исто така по електронски пат најдоцна еден час по завршување на натпреварот.

5. XXI Музички средби на „Мобилност Македонија“ ќе се одржат во рамките на одржувањето на струмичкото културно лето „Опен фест Струмица“, кое оваа година ќе се одржи од 6 до 16 август на плоштадот во Струмица. Рокот за доставување на демо-снимката е 30.06.2015 година. Музичката изведба треба да е снимена **акапела**, без придружни вокали и музика.

6. Државното првенство во шах на „Мобилност Македонија“ ќе се организира последниот викенд од септември или првиот викенд од октомври. Местото на одржување ќе се утврди дополнително. Рокот за пријавување на учесниците на шаховското првенство е 01.09.2015 година.

7. Објавен е повик за организирање на тематски работилници во април, мај и октомври. Рокот за поднесување на предлозите за организирање на тематска работилница се 31.03.2015, 30.04.2015 и 30.09.2015 година. Во барањата да се наведе насловот на тематската работилница и предавачите.

8. Рокот за поднесување програма за одбележување на 4 декември – Денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија е 01.09.2015 година.

9. „Тортијадата“ во организација на „Мобилност Струмица“ ќе се одржи на 24 октомври 2015 година во хотел „Цар Самуил“ во Банско, Струмица.

10. XXI Литературни средби ќе се одржат на 02.12.2015 година во Скопје. Рокот за поднесување на литературните творби е 01.10.2015 година. Секој учесник има право да учествува со една творба, потпишана со шифра.

11. Четвртата масовна средба во природа ќе се организира во Скопје во СРЦ „Треска“, на езерото Треска, на 13 или 20 јуни 2015 година.

*С. Прчева*

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА УШТЕ ЕДЕН ПРОЕКТ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА СТРУМИЦА

Од неаодамна Мобилност Струмица реализира уште еден проект во соработка со Градоначалникот на Општина Струмица г-дин Зоран Заев и тимот од одделението за Локален Економски Развој при Општина Струмица. Проектот “Подобри услови за работа“ се состоеше од опремување на канцеларијата со нова маса за состаноци, канцелариски плакар за чување на документацијата, мало плакарче за делот што се користи како бифе за чување на инвентарот, набавка на канцелариски столчиња, набавка на нов и посовремен телефонски апарат и уред за разладување - фрижидер. Така членовите на Мобилност Струмица сега имат подобри услови за работа во канцеларијата за што сме им благодарни за соработката на одговорните лица од Општина Струмица кои секогаш имат разбирање за нашите потреби.



*Мери Туџарова*

# ДОНАЦИЈА ЗА МОБИЛНОСТ СТРУМИЦА ОД ГЕРМАНСКА АМБАСАДА - СКОПЈЕ

Мобилност Струмица, во соработка со тим од Општина Струмица изготви проект кој беше поддржан од Германската Амбасада во Скопје. Германската Амбасада за членовите на Мобилност Струмица обезбеди грејно тело, електричен камин, кој ќе се користи во канцеларијата, како и склоплива рампа, наменета за возилото на Мобилност Струмица, како и за полесно премостување на одредени помали архитектонски бариери. На примопредавањето на оваа донација од страна на претседателката Лилјана Матеничарска и госпоѓа Марина Серафимова- претставник од Германска Амбасада, беа присутни и претставници на Општина Струмица, како и повеќе чле-



нови на Мобилност Струмица. Во знак на благодарност за хуманиот гест на Амбасадата на Р.Германија, претседателката Лилјана Матеничарска, на госпоѓа Марина Серафимовска и врачи уметниичка слика, насликана од нашата позната сликарка Роза Мојсовска да ги краси просториите во Амбасадата.

Оваа донација, која беше неопходна за нашите членови, значително ќе ја олесни мобилноста во иднина, за што сме многу благодарни како на тимот од Германска Амбасада, така и на тимот од Општина Струмица. На заминување од канцеларијата се поздравивме со надеж наскоро да се видиме пак и да реализираме уште многу проекти кои ќе придонесат во подобрувањето на квалитетот на животот на лицата со телесен инвалидитет.



*Мери Туџарова*

# ШЕСТА СРЕДБА НА СОВЕТОДАВНИОТ ОДБОР НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА И ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Мобилност Скопје присуствуваше на шестата средба на Советодавниот одбор при Проектот на УСАИД за практикантска работа и вработување на лица со попреченост се дискутираа генералните препораки кои произлегоа од истражувањето за вработување на лицата со попреченост во приватниот сектор. За секоја од препораките се разгледуваа следните чекори и конкретни дејствивија кои би можеле да се преземат за нивно понатамошно имплементирање:

**1. СЕНЗИЛИБИРАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ЗА ДА ГО ПРЕПОЗНААТ ПОТЕНЦИЈАЛОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

- Информирање преку медиумите на лицата со попреченост и на компаниите во соработка со Агенција за вработување на РМ за активните мерки за вработување;
- Организирање на ориентациони сесии за вработените во компаниите за полесна интеграција и комуникација со вработеното лице со попреченост;
- Организирање на трибини на локално ниво со цел подигнување на јавната свест
- Информирање на компаниите за бенефициите кои што можат да ги добијат при вработување на лице со попреченост;
- Соработка со работодавачите преку локалните социоекономски совети (едукација за менторско водење на лица со попреченост);
- Промоции и споделување на успешни приказни и искуства од пракса;
- Агенцијата за вработување да даде предност на лицата со попреченост при посредувањето за вработување;
- Во огласите за вработување да стои клаузула дека се отворени за аплицирање и на лица со попреченост;

**2.ВОСПОСТАВУВЊЕ НА СИСТЕМСКИ МЕРКИ ЗА ЕДУКАЦИЈА, КВАЛИФИКАЦИЈА И ПРОФЕСИОНАЛНО ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

• Опфаќање на лицата со попреченост во активната мерка на Агенцијата за вработување - обука кај познат работодавач и самовработување;

• Организирање на список на стручни лица кои преку разни проекти и иницијативи се веќе обучени во области поврзани со проблематиката на попреченост;

• Конкретно истражување на потребите на компаниите за соодветни профили и квалификации;

• Идентификување на лицата со попреченост кои се квалификувани и лицата кои можат да се преквалификуваат/обучат;

• Воведување на практичен дел на професионална рехабилитација за надминување на јазот помеѓу понудата и побарувачката на соодветни профили на лица со попреченост;

• Поддршка на лицата со попречност за градење на нивните меки вештини;

• Соработка помеѓу средните училишта (образовните институции) и здруженијата кои ги застапуваат лицата со попреченост во проектните активности;

• Организирање на информативни средби наменети за лицата со попречност за презентација на обуките и објаснување на придобивките од конкретната обука со цел зголемување на бројката на лица кои учествуваат на обуки;

• Стимулирање на интересот на лицата со попречност за вклучување во обуките преку вклучување на работодавачите во обуките;

• Овозможување на посети во компаниите организирани од здруженијата/проектите;




**4.**ПОДДРШКА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ВО ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПРИОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

• Информирање на работодавачите за придобивките од организирање на практична обука;

• Подготовка на прирачник (методологија) за компаниите за вработување на лицата со попреченост во зависност од степенот и видот на попреченост;

• Нудење поддршка и посредување при наоѓање на соодветни профили според потребите на компаниите;

**3.ЗГОЛЕМЕНО ПРОМОВИРАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ КОИ БАРААТ РАБОТА**

• Психо-социјална поддршка на лицата со попреченост за вклучување на пазарот на трудот;

• Прилагодување на условите при организација на програмите за обука соодветно на потребите на лицата со попреченост;

• Кампања за интерно информирање на членовите на здруженијата за бенефициите од вработување и социјалната инклузија на лицата со попреченост;

• Дистрибуирање на огласи за вработување до здруженија кои работат со лица со попреченост за подобра информираност на лицата за можностите за вработување;

• Промовирање на практикантска работа како важен чекор кон вработување;

**5.**ЗГОЛЕМЕНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ МЕРКИ И МОЖНОСТИ

• Директен контакт со компаниите кои законски се обврзани да вработат лице со попреченост за да се објаснат бенифициите и потребите;

• Информирање на компаниите преку Сојузот на стопански комори, локалните социоекономски совети за придобивките и бенефицците од Законот;

• Вклучување на компаниите во работната група за подготовка на измените во законот за вработување на инвалидни лица;

*Елена Ѓурчиноска*

# ПРОСЛАВА НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО РЕСЕН

На 2 декември 2014 година, со почеток во 17.00 часот, во канцеларијата на „Мобилност Битола“ во Ресен се одржа прослава по повод Светскиот ден на лицата со инвалидност. По овој повод, за искажаната поддршка и активност на лица и установи, беа доделени признанија и благодарници. Веднаш при доаѓањето забележливи беа градежните активности за правење и подобрување на пристапот до канцеларијата, како и самата внатрешност на канцеларијата која изгледаше многу поуредено од последната посета, а богатиот аранжман на подготвениот коктел уште повеќе го истакнуваше тоа.







Канцеларијата беше претесна за триесетина присутни меѓу кои и претседателот на Советот на општина Ресен, Менде Пашковски со своите соработници, Неговото Високо Свештенство, владиката Пимен, архиереј на Европската епархија, повеќе стопанственици и волонтери, како и членови на здружението. Признание беше доделено и за градоначалникот на општина Ресен, Ѓоко Стрезовски, кое го прими д-р Пешковски, благодарници добија д-р Сања Андоновска, инж. Сотир Чаушевски, Благојче Стојановски-Туше, „НЕБИ Комерц – Ресен“, „Маркет гросер“ од Австралија, како и бизнисменот Пеце Трајановски од Австралија, кое го прими неговиот брат Митко.

Со одличната организација и подготвениот коктел, канцеларијата во Ресен се покажа во најдобро светло и ги заслужува сите пофалби. Посебно се истакнуваа волонтерите.

# НОВОГОДИШНА ПРОСЛАВА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

Како и секогаш, декември е резервиран за размислувања каде ќе се оди и што ќе се прави за новогодишните и божиќните празници. Секогаш некој ќе каже или гласно размислува дека веќе ништо не е како порано итн. Веќе неколку години УО на „Мобилност Битола“ носи одлуки за учество во трошоците, а секој член главниот дел си го плаќа сам. Оваа практика се докажа како многу успешна и од година на година бројот на членови станува сè поголем. Секако дека и членовите од Демир Хисар и Ресен не се заборавени, а кај нив се партиципира во делот на патните трошоци. Покрај членовите, секогаш ги каниме и нашите блиски соработници, кои редовно учествуваат во нашите активности.





И годинава ја одбравме проверената локација – хотел „Капри“ на влезот од Битола пред Пелистер, од страната кон Охрид. Така, на 25 декември 2014 година, во амбиент кој ги задоволува сите критериуми, почнувајќи од пристапноста, услугата и односот на персоналот, за кој изразуваме посебна благодарност, осумдесетина членови и гости уживаа во забавата и пријатните моменти кои ќе останат во долго сеќавање.

Задоволни од дружењето, гостите посакуваат да се зголемат напорите ваквите дружења да бидат што побројни. Инаку, за одличната атмосфера придонесе и музичкиот состав „Фаворити“, кој мошне професионално ги изведуваше сите музички нумери, а настапија и неколку наши членови, кои ги покажаа своите квалитети како интерпретатори. Сè на сè, едно добро и возбудливо доживување кое се задржа до доцна по полноќ. Дел од нашите членови и гостите од Скопје забавата ја продолжија на други локации со нови доживувања.

# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ПРОСЛАВА НА СТАРА НОВА ГОДИНА – ВАСИЛИЦА

И оваа година, во сопствена режија, околу триесет членови на „Мобилност Битола“ ја организираа прославата на Стара Нова година или, популарно кај нас, Василица. Забавата се одржа на 10 јануари 2015 година во ресторанот на хотел „Премиер центар“. По коледарските огнови, божиќните трпези и празнувања, ова е практично завршница на овие празнувања пред Водици.



Откако се сместивме во пријатната атмосфера на ресторанот, уживавме и се забавувавме со музиката на бендот „Акорди“ и вокалниот интерпретатор Кубата. Ние распоредени на приземје, поголема група на првото ниво и исто толку во долните простории, сите со иста цел – вртење на пита со паричка, а кај нас најмногу среќа имаше Сашо, кој следната година ќе биде домаќин со слатки десерти. Годинава ефектен домаќин со слатките беше брачната двојка Штифтер.



Дружењето и играњето продолжи до полноќ, до самиот крај на музиката. Сè на сè, уште една одлична дружба во многу добро расположение. Вообичаено нè дружеа и членовите од Ресен, но сега во новите простории со зајакнати активисти ќе ги видиме на 13 јануари. Нашите активности продолжуваат.

# СОБРАНИЕ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

По подготовките и завршувањето на изборниот процес, со последниот Управен одбор практично беа завршени сите подготовки за отчетното и изборното собрание. На 10.02.2015 година беше одржана последната седница на УО на „Мобилност Битола“, на која се сумираше постигнатото и беа дадени предлози за идни активности.



Во изминатиот период од четири години, по преименувањето, „Мобилност Битола“ постигна завидни резултати и го зголеми членството за повеќе од 150 членови, а импресивна е и бројката на сите настани со кои се етаблираше во медиумскиот и другиот простор на севкупното живеење. Овој пат, со освежен состав од 30% нови членови во Собранието, исполнети се сите претпоставки дека подготвено ќе ги дочекаме сите предизвици што ги носи иднината. Постигнатото за овие четири години е достапно на времепловот на настани на нашата веб-страница.



Соработката со институциите на системот е во нагорна линија, особено во последно време со Ресен, се надеваме на нови импулси и во Демир Хисар, а во Бито-

ла тековната состојба е добра и на највисоко ниво. Особено се истакнува активноста во Локалниот економско-социјален совет (ЛЕСС), каде со помош на ЈЕС-мрежата на УСАИД веќе договоривме проекти кои се во согласност со нашите програмски и статутарни цели.

Во присуство на околу 90% од старите и новите делегати, Собранието се одржа на 15.02.2015 година. Во свечена и конструктивна атмосфера, прво се одржа отчетното собрание, кое ги верифицираше сите активности и постигнати резултати, а потоа најстариот член,



Зорка Штифтер, го отвори и водеше изборниот процес, избор на работно претседателство, записничар и заверувачи на записникот и комисија за кандидати и верификација.

Со верификација на мандатите и богата дискусија, започна седницата на новоизбраното собрание во кое има 30% нови членови. Комисијата за кандидати предложи еден кандидат, кој е прифатен со акламација. Старо-новиот претседател има богата агенда на активности од самото основање на здружението и, според зборовите на членовите, вткаи дел од својот живот и активност во сите полиња за правата на лицата со инвалидност.

Во обраќањето по повод повторниот избор, прим. д-р Нико Јанков се заблагодари за довербата и најави продолжување на активноста со сите можни методи на дејствување. Секако дека со него е и Управниот одбор, кој како екипа со координирана работа и максимално дејствување ги постигнува и ќе ги постигнува саканите резултати со кои „Мобилност Битола“ се етаблира како сериозен партнер на сите добронамерни субјекти кои ќе го помагаат процесот на внесување на лицата со телесна инвалидност со сите сфери на животот.

Се надеваме дека во иднина, со разбирање особено од институциите на системот, ќе може да се одржи нагорната линија во остварувањето на правата на лицата со телесна инвалидност и нивната инклузија во општеството. Активностите продолжуваат.

# КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК ВО ОПШТИНА БИТОЛА

На 27 февруари 2015 година, во просториите на Општина Битола се одржа координативен состанок, на кој присуствуваа Ѓорѓи Кушевски, директор на ЈЕС-мрежата, Наташа Алабаковска, регионален координатор на ЈЕС-мрежата, Виолета Налевска, советник во Општина Битола,



прим. д-р Нико Јанков, претседател на „Мобилност Битола“ и Фанче Георгиевска и Лидија Вељановска, членови на УО на „Мобилност Битола“.

Целта на состанокот беше детално планирање на настанот, којшто се одржа на 11 март 2015 година, во организација на Локалниот економско-социјален совет (ЛЕСС) и Општина Битола, со поддршка од УСАИД – ЈЕС-мрежата. Промотор на настанот е „Мобилност Битола“, а целна група се ранливите категории, конкретно лицата со инвалидност. Реализацијата на овој настан е во рамките на проектот „И ние сме дел од вас“ и е насловен „Економска и социјална инклузија на лицата со инвалидност“.

Самиот настан е поделен во два дела; свеченото отворање во холот на Центарот за култура – Битола ќе започне во 12.00 часот со поздравен говор на градоначалникот на Битола, Владимир Талески, а ќе се обратат и претставниците на ЈЕС-мрежата и ЛЕСС Битола, како и претседателот на Националното координативно тело (НКТ) и „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, по што ќе следува посета на саемот на ракотворби од лица со инвалидност и млади од „Астерион галери“.

Вториот дел е трибина на тема „Закон за вработување на лица со инвалидност“, која ќе започне во 13.00 часот во малата сала на Центарот за култура. Вовед во темата ќе направи прим. д-р Нико Јанков од „Мобилност Битола“, а забелешки, решенија и коментари ќе понуди претседателот на НКТ и „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, додека на тема „Моја кариера“ ќе зборува Лидија Дамчевска. По излагањата на сите учесници во трибината ќе следи дискусија со заклучоци.

За овој настан, кој ќе биде медиумски покриен од пишаните и електронските медиуми, веќе се изработени промотивни плакати и летоци.

# ХУМАНИТАРЕН КОНЦЕРТ ВО РЕСЕН

Поголема делегација на „Мобилност Битола“ од Битола зеде активно учество во хуманитарниот концерт, кој се одржа на 6 март 2015 година во спортската сала „Зоран Стојановски“ во Ресен. Снежното невреме и студот не успеа да ги спречи 1.100-те посетители и околу 120 изведувачи да уживаат во прекрасниот гала-концерт.






Во присуство на покровителот – градоначалникот на општина Ресен, Ѓоко Стрезовски и Неговото Високо Првосвештенство, владиката Пимен и делегацијата од „Мобилност Битола“, на чело со претседателот, секретарот и членовите на УО, како и делегација од „Мобилност Кичево“ и други активисти, организаторот на настанот – естрадниот уметник Ташко Каранфиловски со неговите гости од естрадата, но и домашни изведувачи и игроорци од КУД „Таше Милошевски“, повеќе од три часа ја забавуваше публиката. По поздравните говори, настанот успешно го водеше водителката Валентина Парго-Георгиевска. Манифестацијата ја проследија и неколку медиуми на нашите иселеници, особено од Преспа, во Австралија, Америка, Канада, Шведска и други.




Во поздравните говори се истакна дека иселеничките клубови ќе организираат слични донаторски и хуманитарни манифестации, а истата заложба ја повтори и



градоначалникот Стрезовски, кој најави нови иницијативи и проекти за членовите на нашето здружение во Ресен.

Сè на сè, една прекрасна манифестација за поддршка, која ќе остане во трајно сеќавање. Од сè срце им се заблагодаруваме на сите добронамерници, големото разбирање и соработката на локалната самоуправа и институциите на локално ниво. Активностите продолжуваат.

# ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

На 11 март 2015 година во Центарот за култура во Битола беше организирана и успешно изведена манифестација на „Мобилност Битола", во организација на ЛЕСС Битола и Општина Битола, со поддршка од УСАИД и ЈЕС-мрежата. Манифестацијата се состоеше од два дела, односно саем на ракотворби од лицата со инвалидност и млади од „Астерион галери", партнер на „Мобилност Битола" и трибина на тема „Закон за вработување на лицата со инвалидност".

На присутните прв им се обрати градоначалникот на општина Битола, Владимир Талески, а поздравни говори имаа и Мајкл Стивејтер, директор за развој при УСАИД од Вашингтон и претседателот на ЛЕСС Битола, Томислав Давков. Модератор на настанот беше прим. д-р Нико Јанков, а вовед во тематиката за лицата со инвалидност направи Бранимир Јовановски, претседател на НКТ и „Мобилност Македонија". Проследена од сите електронски и пишани медиуми во Република Македонија, оваа манифестација доби максимална медиумска покриеност.



Во следниот дел, односно трибината за разгледување на Законот за вработување на лицата со инвалидност, вовед направи прим. д-р Нико Јанков, а темата ја разработи Бранимир Јовановски. Лидија Дамчевска од УСАИД, преку темата „Моја кариера" прикажа практични насоки во обуките и вработувањето на лицата со инвалидност, по што следеше богата дискусија од повеќе дискутанти.

Споделените сознанија и искуства на оваа трибина можат да се сумираат во следниве точки:

- Постои голема неунифицираност во однос на користење на терминологијата; се стекнува впечаток дека присутните лица беа поафирмативни во однос на терминот инвалидност и инвалидитет, за разлика од терминот попреченост;
- Постои ниска свест за почитување на правата на лицата со инвалидност; Лицата со инвалидност се повеќе присутни во производствените процеси, отколку на места кои бараат повисок интелектуален ангажман;
- Работодавците не ги интересира законот и членот за квоти (над 35 вработени, задолжително да има едно лице со инвалидитет), тие побрзо би платиле казна отколку да вработат такво лице затоа што на крајот од краиштата не се работи само за обезбедување плата, туку и на обезбедување пристапност до работното место и приспособување и адаптација на условите за работа од аспект на архитектонски и социјални бариери, тоалети, лифтови, асистивна технологија;
- Целосната интеграција на лицата со каков било вид на инвалидност е комплексен процес; сè почнува од семејството и како најблиските ќе обезбедат услови и перцепција таквото лице да се почувствува еднакво со сите останати. Денес кога се зборува за инклузија, треба да се биде особено внимателен, нема обучени наставници, нема дефектолог, па дури и да има, општиот дефектолог не е тој кој треба да работи со детето. Препорака: да се вклучи во новиот Закон член кој ќе обезбедува персонален асистент за лицата со инвалидност.




- Да не се мешаат деинституционализација и инклузија; државата не направи добри решенија, но тоа не значи дека инклузијата е лоша, треба сите заедно да работиме на тоа да се променат условите на начин што ќе им помогне на лицата со инвалидност и на лицата со друг вид попреченост да ги покажат и применат своите потенцијали до максимум;
- Вработен во заштитно друштво се пожали на односот и третманот во фирмата од страна на работодавачот; тој смета дека се влошува ситуацијата на инвалидизираните лица кои намерно се казнуваат со 10-15% за неисполнет план за да земат помали плати, а платите и онака не се големи и тешко се преживува со 5.000 денари месечно, што „е под со закон и устав загарантирана минимална плата, и како тоа да не е доволно, туку уште се врши и мобинг врз вработените, од кои 70% се на принуден одмор и им се упатуваат закани дека ќе добијат отказ";
- Друг учесник, исто така, го опиша својот пример – работодавецот му должи шест плати, не му се исплатени ни парите, ниту пак има осигурување за да може да појде на лекар; води судски спор – го има тужено работодавецот, но досега ништо од тоа; дури и кога доаѓале инспекциски служби и претставници на трудова инспекција, не било преземено ништо и работодавецот воопшто не бил казнуван;

- Во врска со погоре изнесеното, беше даден предлог да се направи тематска трибина на која ќе биде потенцирана улогата на трудовите инспектори во откривањето на нерегуларностите во однос на почитување на правата на вработените со инвалидитет, бидејќи, особено во помалите места, трудовите инспектори многу малку прават на ова поле;
- Да се размисли за обучување на претставници на трудова инспекција за следење на Законот за вработување на лица со инвалидност;
- Учесник на панелот, правник од Центарот за вработување истакна дека сите лица со инвалидитет од Битола можат во секое време да побараат правна и друга помош поврзана со нивното вработување, бидејќи Центарот за вработување во Битола има обучен тим за посредување при работа на лица со инвалидност и тие веќе имаат неколку успешни искуства во поврзувањето на овие лица со работодавци, всушност имаат листа на компании со кои редовно соработуваат и затоа се предлага да се направи уште една ваква трибина на која ќе бидат повикани повеќе претставници од приватниот сектор и кои би можеле да ги отворат своите врати за невработените лица со инвалидитет.



- Основач на заштитно друштво – сметководствено биро од 2002 година кој има 22 вработени од кои десет лица со инвалидност, истакна дека меѓу инвалидизираните има дипломирани правници и економисти и дека никогаш не правел разлика меѓу вработените дали се или не се со инвалидност и присутните на трибината можат да го потврдат тоа; неговото барање беше ако е можно во новиот Закон да се вклучи член кој ќе предвидува некаква компензација/надоместок за средствата кои тој ги уплаќа за придонеси на лицата со попреченост; работодавецот треба да обезбеди плата, треба да плати персонален данок, а државата треба да ги рефундира тие средства, но тие средства многу доцнат и работодавците се во незавидна положба – „излегува дека државата ми вели: моето ќе ми го платиш, твоето ќе си го чекаш".
- Постојат и други лица кои отвориле заштитни друштва или мали семејни бизниси и кои го имаат истиот проблем со регресот и платите и враќањето на придонесите од плата. Порано тоа задоцнување било девет месеци, па е скратено на шест, а еве сега во моментов се влегува и во седмиот месец и повторно се случува истата работа. За работодавец со десет инвалидизирани лица тоа се многу пари („за плата од 20.000 денари, придонесите се околу 8.000 денари. Осум илјади денари по седум месеци по десет вработени се навистина многу пари") и затоа ова како проблем е веќе дискутирано со Министерството за труд и социјална политика и оттаму се добил одговор дека буџетот нема пари.
- Треба да се води сметка како да се заштити сопственото работно место, односно во случај на губење на работата, да се инсистира парите од државата наменети за придонеси на инвалидното лице да му бидат исплатени на самото лице и дополнителна препорака – во новиот закон да има член кој ќе се однесува на професионалниот или кариерниот развој на лицата со инвалидност.
- Учесничка на панелот изјави дека директорот и останатите колеги никогаш во неа не гледале како на лице со инвалидност и таа никогаш не почувствувала проблеми од таква природа како што можеа да се слушнат од другите присутни. Но, таа се пожали за непристапноста на Центарот за вработување во Битола и лошите услови за лица со патерици и во инвалидска количка. На ова претставничката од Центарот за вработување во Битола одговори дека навистина, за жал, не постои рампа, но дека сите колеги во Центарот знаат и треба веднаш да реагираат доколку има посетител со инвалидност, да ја повикаат одговорната службеничка која работи со лицата со инвалидност, таа да се симне на влезот и да им ги даде сите потребни податоци и консултации во нивна полза. Ова беше дополнето со информацијата дека Министерството за труд и социјална политика има обучено 750 лица од најразлични институции (Катастар, полиција, Агенција за вработување на Република Македонија, судови, фондови за здравство и сл). Овие лица треба да ги приближат услугите од своите институции до лицата со инвалидност (да се ориентирани кон корисниците). Списокот на имиња и нивните контакти од овие институции „Мобилност Македонија" ќе го сподели со своето членство, а во најскоро време ќе го објави на својата официјална веб-страница.




Ова беше навистина успешна манифестација со поддршка од локалната самоуправа и УСАИД, за која се надеваме дека ќе продолжи со нови трибини и активности, кои ќе дадат конкретни резултати. Нашите активности продолжуваат.

# БЕЗ ТОЛЕРАНЦИЈА КОН ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Јас, Илија Петрушевски, од Скопје, во 1995 година бев прегазен на пешачки премин и останав доживотен инвалид со нецелосна одземеност на долните екстремитети. Поради тоа се движам многу тешко со помош на ортопедски помагала, чекорејќи стапало пред стапало и влечејќи ги нозете.

На ден 30.03.2015 година имав закажано контролен лекарски преглед во Градската општа болница „8 Септември" во Скопје. Бидејќи движењето ми е многу отежнато, возилото кое е приспособено за управување согласно со моите потреби, го оставив на недозволено место, односно на дел од разгазен тревник а дел на некористен „слеп" тротоар, несметајќи ниту на пешаци ниту пак на други возила. Сето тоа со цел да бидам што поблиску до влезот на болницата, а од причина што најблиското паркинг-место резервирано за паркирање на возила за инвалиди се наоѓа на повеќе од 100 метри од влезот на болницата. За мене лично, овие 100 метри претставуваат повеќе од еден километар оддалеченост, а наплатниот паркинг беше преполн со паркирани возила.

По извршениот лекарски преглед кој заврши нешто по 14.00 часот, се упатив кон возилото и наидов на невидено чудо, пајак-службата го крева моето возило на кое има истакнато две налепници дека е управувано и му припаѓа на инвалид. Без никаква толеранција што е паркирано на ова место, а со огромна храброст и без размислување што ли би правел инвалид без своето возило, од страна на налогодавачот е издаден налог на вработените во пајак-службата, кои го кренаа моето возило. Тој човек не е човек, тој човек нема граници. Поважна му е казната отколку хуманоста кон лицата со инвалидност. Јас би го споредил овој човек со некој монструм или егзекутор кој е непопустлив пред извршувањето на делото.



Во случајов, римската волчица од групата на крволочни животни била далеку похумана од овој никаквец, поради тоа што гледајќи ги двете беспомошни бебиња ги прехранила со своето млеко и ги спасила од сигурна смрт. Благодарам!

Инвалид:
*Илија Петрушевски*

## Докторот Ви одговара

Веќе подолго време насоките на комуникација во врска со здравствените проблеми наместо да бидат дијалог, повеќе се во форма на монолог. Заради тоа, после пообемни дискусии во УО на „Мобилност Македонија" се донесе одлука комисијата за здравство и рехабилитација да има посебен и-мејл на веб-страницата на „Мобилност Македонија" за следење и одговарање на прашањата кои ќе ги поставувате Вие, драги читатели. Секако дека и нашите контакти Ви стојат на располагање. За сè што нема да можеме брзо да Ви одговориме, ќе се погрижиме да добиеме соодветен одговор од релевантните институции.

Сите знаеме дека за сите проблеми, а особено оние од сферата на здравјето, се „угоре високо, удолу длабоко", но вербата никогаш не треба да нè напушти. Така и сега, драги мои, ние ги чекаме Вашите прашања, размислувања, предлози, решенија и сè што мислите дека треба да се слушне за нас и во врска со нас.

Срамежливоста не треба да биде присутна, дајте да разговараме за сите случувања при остварувањето на здравствената заштита, бариери, однос, квалитет, брзина итн. Да се размрдаме и со факти да ги бомбардираме надлежните. Со проверени и вистинити настани, а не инсинуации и лаги. Нам ни доликува вистината и само вистината, со која секогаш ќе бидеме силни и посилни. Со надеж за нови и нови почетоци, искрено Ве поздравувам.

Ваш, прим. д-р
*Нико Јанков*



# СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

На 20.03.2015 година, со почеток во 17.30 часот, во просториите на здружението Управниот одбор ја одржа првата седница во новиот мандатен период 2015-2019 година. Меѓу двете седници, од 10.02.2015 до 20.03.2015 година, имаше повеќе настани за кои се дискутираше и повеќе одлуки за идното работење на здружението. Секако дека најзначаен настан беше отчетното и изборното Собрание, кое се одржа на 15 февруари и на кое се потврди континуитетот и добрите практики кои се случија во изминатиот период.

По десетина дена, на 27 февруари беше одржан координативен состанок на ЛЕСС во просториите на општина Битола. Тука, со одговорните од УСАИД практично се детерминираа насоките за идните активности, конкретно за саемот на ракотворби и трибината на тема „Закон за вработување на лицата со инвалидност“.

По интензивни подготовки, за кои УО на „Мобилност Битола“ им изразува голема благодарност на членовите од канцеларијата во Ресен, без чија помош и координирана активност не ќе можеше да се одржи прекрасниот хуманитарен концерт во Ресен. Уште еднаш ги поздравуваме нивните заложби и се надеваме дека нивниот ентузијазам ќе продолжи понатаму. Хуманитарниот концерт се одржа на 6 март, во организација на познатиот естраден уметник Ташко Каранфиловски и неговите бројни гости од естрадата.

Неколку дена подоцна, на 11 март, во организација на ЛЕСС и општина Битола и со поддршка на УСАИД, се одржа саемот на ракотворби и трибината за Законот за вработување на лицата со инвалидност. Модератор на настанот беше „Мобилност Битола“, а непосредни учесници беа и претседателот на нашето здружение, прим. д-р Нико Јанков, како и претседателот на НКТ и „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски. Настанот беше отворен од градоначалникот на општина Битола, Владимир Талески, а поздравен од директорот на канцеларијата за развој на УСАИД, Мајкл Стивејтер и претседателот на ЛЕСС Битола, Томислав Давков.

Трибината помина во одлична и работна атмосфера со богата дискусија, за што ги добивме сите пофалби од поддржувачот УСАИД и ЈЕС-мрежата. На седницата се поддржаа сите одлуки кои беа донесени на УО на „Мобилност Битола“ и други одлуки за тековното работење. Се надеваме дека трендот на сите позитивни насоки во работата ќе ја задржат нагорната линија и во иднина.

прим. д-р *Нико Јанков*

# БЛАГОДАРНИЦА ЗА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“

По повод 70 години постоење и дејствување на Црвен крст на Република Македонија на свечена седница на 12.03.2015 година, Црвен крст на Општина Центар додели благодарница на „Мобилност Скопје“ за поддршка на активностите на Црвен крст на Република Македонија – општинска организација Центар.

Успешната заемна соработка на „Мобилност Скопје“ и Црвен крст на Општина Центар датира од многу одамна, но во 2011 година таа соработка значително се интензивираше.




Сакаме да споменеме нешто што е многу вредно и за почит, а тоа е дека Црвен крст на Општина Центар во периодот од 2011 година до денес со нивните мали ПХВ-проекти, како што ги нарекуваат тие самите, но со кои прават огромни дела, им помогнаа на семејствата на многу членови на „Мобилност Скопје“ кои се социјално загрозени и со нивна помош тие сега имаат подобрени услови за живот.

Исто така да ги спомнеме и хуманите волонтери на општинската организација на Црвен крст – Центар, кои многу помогнаа во организацијата на голем број активности на „Мобилност Скопје“ – донацијата на новогодишни пакетчиња за децата членови на „Мобилност Скопје“, донацијата на пакети со храна за социјално загрозените членови на „Мобилност Скопје“ и многу друга хуманитарна помош.

„Мобилност Скопје“ искрено се заблагодарува на Црвен крст на Општина Центар со надеж за продолжување на успешната меѓусебна соработка.

*Елена Ѓурчиноска*

# НОВОГОДИШНА СРЕДБА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“

Традиционалната новогодишна средба во организација на Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“ и оваа година се одржа на 21.12.2014 година во прекрасниот амбиент на ресторанот „Бисера“ во населбата Аеродром, кој е со најадаптирани услови за лицата со телесен инвалидитет. На новогодишната средба присуствуваа гости од сите



општински и меѓуопштински здруженија од Македонија, како и гости соработници и пријатели. На нашата забава присуствуваа околу 300 лица. Прекрасната музика на групата „Би-би-си“, која ги забавуваше гостите, направи одлична атмосфера, со што дури и некои од присутните запеаја. Атмосферата беше надополнета со културно-уметничка програма на КУД „Никола Јонков – Вапцаров“, како и прекрасните Анета Наковска, Јулија и Злате Антевски, кои беа пријатно изненадување за сите присутни.

На оваа манифестација беа присутни претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски и генералниот секретар на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет (НФСРИМ-МПК), Драган Дојчиноски. Меѓу гостите беа и претставници од Центарот за ортотика и протетика „Славеј“, претставници од „Медикус хелп“.



На манифестацијата на присутните членови им се обрати претседателот на „Мобилност Скопје“, Дејан Ѓорѓиевски, кој во своето обраќање ги поздрави присутните. На средбата присуствуваа и гости од Здружението на заболени од мултипла склероза „Пчински округ“ – Врање и Здружението на заболени од мултипла склероза од Лесковац. Прекрасната забава и одличното расположение меѓу присутните членови и задоволството беше очигледно. Дружењето не изостана, како и искрените желби за подобра и поуспешна 2015 година на сите.

*Елена Ѓурчиноска*





## БАЈКА ЗА ЦАРОТ НАЈ И ДЕДО МРАЗ

Новогодишната претстава за најмладите членови на „Мобилност Скопје“ беше организирана на 25.12.2014 година во Театарот за деца и младинци со претставата „Бајка за царот НАЈ“. На почетокот на сите присутни им се обрати градоначалникот на општина Центар, Андреј Жерновски и им посака многу здравје и среќа. Претставата беше интерактивна и децата со радост и внимание



ја следеа. На крајот на прекрасната претстава Дедо Мраз на сите деца им подари новогодишни пакетчиња. Децата беа радосни и среќни, со насмевка на лицата.

Новогодишните пакетчиња беа донација на „Нелтст“, „Тинекс“, „Кам маркети“ и Општина Центар.



„Мобилност Скопје“ им додели благодарници за хуманоста и успешната соработка. Голема благодарност изразуваме до волонтерите на Црвен крст од Општина Центар кои несебично помогнаа.

Децата со задоволство и насмевки си заминаа дома да ги сместат убавите и богати пакетчиња под своите новогодишни елки.

*Елена Ѓурчиноска*

## ОД АКТИВНОСТИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ОСМОМАРТОВСКА СРЕДБА

Традиционално и оваа година е одржана средбата за членовите од понежниот пол на „Мобилност Скопје“ по повод Меѓународниот ден на жената – 8 Март. Средбата се одржа на 07.03.2015 година во ресторанот „Бисера“ во општината Аеродром, кој е со најадаптирани услови за лицата со телесен инвалидитет.

Присутните на средбата во пријатна атмосфера и со добра музика на веќе докажаната група „Еј-би-си“ се забавуваа и се дружеа во одбележувањето на Меѓународниот ден на жената – 8 Март.

Оваа година на манифестацијата присуствуваа околу 70-тина членки на нашето здружение, како и неколку членови на „Мобилност Делчево“ и „Мобилност Прилеп“, со што се овозможи и поголема дружба помеѓу членовите на двете здруженија. На средбата оваа година беа присутни и генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, Софче Прчева, претставници од Центарот за ортотика и протетика „Славеј“ и „Медикус хелп“, како и гости од збратимените здруженија од Врање.

Присутните на оваа средба ги поздрави и им го честита празникот претседателот на „Мобилност Скопје“, Дејан Ѓорѓиевски. Сите членки на здружението кои присуствуваа на осмомартовската средба добија подарок рачно изработени обетки од членовите на „Мобилност Скопје“, кои изработуваат накит во креативната работилница на „Мобилност Скопје“, како гест на почит и внимание кон припадничките на понежниот пол. Исто така, нашите ценети гости од Центарот за ортотика и протетика „Славеј“, во знак на внимание кон нашите членки, им подарија по еден цвет на сите присутни на прославата, а козметичкото студио „Габи“ додели неколу ваучери за третмани на неколку наши членки. Веселата атмосфера и убавото расположение меѓу присутните ја надополни и Виданка Ѓорѓиевска со неколку песни. Ваквите средби како дел од програмските активности на здружението имаат своја добра функција, која многу придонесува за социјализација на нашите членови.

*Елена Ѓурчиноска*

# ОСУМДЕСЕТИНА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ ВО ВИНИЦА НАСКОРО ЌЕ ДОБИЈАТ СВОЈ КЛУБ ЗА ДРУЖЕЊЕ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

Пристапните рампи пред сите државни институции се минорен инфраструктурен проблем кој веќе треба да биде надминат, но за жал сè уште не е. Промени се случуваат, но не со темпото кое го посакуваат овие луѓе кои во Виница ги има ни помалку, ни повеќе, туку 373 со лесна, умерена, комбинирана попреченост, како и со телесен инвалидитет.



– Денес се собравме како членови на „Порака“, на Здружението на лица со телесен инвалидитет на Кочани, Виница и Делчево „Мобилност Кочани“, како згрижени лица во Дневниот центар, заеднички да го одбележиме својот ден и уште еднаш да потсетиме на нашите барања




за поддршката од институциите на локално ниво“ – рече Здравка Донева, координатор во канцеларијата во Виница.

Во рамките на одбележувањето беше промовиран проектот за отворање „Клуб за дружење и спортски активности на лицата со телесен инвалидитет“. Финансиската поддршка за клубот е донација од „Алијанса 1“ и ОО на Црвен крст во Виница. Координатор на проектот е Борислав Ефтимов – член на Советот на општина Виница, кој истакна дека за уредување на клубот се обезбедени средства во висина од 244.000,00 денари.

„На лицата со инвалидност треба да им се даде можност целосно да учествуваат и да придонесуваат во работната сила“, осврт кон правата од работен однос даде Благица Андонова, претседател на Советот на општина Виница.

На тема „Евакуација на лицата со инвалидност при елементарни непогоди (поплави, земјотреси, пожари)“ зборуваше Аида Јусрефовска од подрачната служба на Центарот за управување со кризи.



Меѓународниот ден на лицата со инвалидност беше искористен и да се каже за асистивната технологија која сè повеќе наоѓа примена во училиштата, конкретно основното училиште „Славчо Стојменски“ во наставата за децата со пречки во развојот практикува уреди со кои раководи мобилен дефектолог.

Претседателката на здружението „Порака“, Благица Стоилова, со благодарници ја искажа својата почит кон институциите кои се грижат за овие луѓе, а децата згрижени во Дневниот центар продаваа новогодишни честитки креирани од нив и за нив. Празнувањето со своето учество го удостои и градоначалникот на општина Виница, Емил Дончев, кој ги поддржа активностите на здружението и искажа поддршка за понатамошна соработка.

Настанот се реализираше во фоајето на Домот на културата „Тошо Арсов“ во Виница, а се заокружи со скромен коктел спонзориран од компанијата „Макпрогрес“ од Виница.

*Карен Сак*

# УЧЕСТВО НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ НА ОБУКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТИ ПО МОДЕЛОТ НА ЕУ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ (ЛЕСС)

На 28 и 29 ноември 2014 година се одржа семинар за изработка на проекти како основа на барањата на Европската Унија а канализирани од страна на ЛЕСС, се со цел за подобрување на квалитетот на живеењето, едуцирање и воздигнување на граѓаните за достоинствен живот, а со тоа рамноправно приближување на нашата земја во рамките на големата Европа во која веќе нормите постојат.

Семинарот се одржа во Дојран, а на него присуствуваа членови од ЛЕСС Скопје, ЛЕСС Струмица, ЛЕСС Штип и ЛЕСС Прилеп, надворешни соработници и еминентни челници на повеќе групации. Наше огромно задоволство беше поканата за соработка и учество на нашето здружение „Мобилност Скопје“ (претставувано од Христина Просковска). Локалниот економско-социјален совет (ЛЕСС) е една извонредно сериозна групација која во своите проекти главно обработува теми кои како за примарна компонента ја користат грижата за економско-социјалните состојби на граѓаните, а со една единствена цел – подобар и поквалитетен живот во државата. Искористува спроведени ефикасни методи на поразвиени држави и имплементирање на истите во нашата методологија, користи модифицирање на методи кои постоеле од порано и на крај употребува нови методи за кои нивните членови се неуморни со своите идеи. Групацијата ЛЕСС има големо чувство за тоа дека во сите модели на нивните проекти и спроведување на истите мора но не може да се избегне реалноста дека подигнувањето на свеста и подобрувањето на квалитетот на живеењето на луѓето со инвалидитет е неизбежен факт на секојдневјето во сите сфери на општеството. Имено, кога би имале соодветна едукација, соодветни услови за вработување, за основање семејство и за чувство на инвалидот како еден рамноправен и достоинствен човек, процентот на квалитет во економијата и социјалата значително би пораснал. Токму затоа нашето присуство им беше неопходно за директно од нашите исцрпно произнесени потреби тие да се раководат.





Семинарот во Дојран беше за наше едуцирање во областа на изготвување на проекти. Проектирањето на идеите на парче хартија и оформување на грандиозна цел во соодветна област е нешто актуелно кое го поддржуваат донатори од ЕУ и УСАИД, со цел идеите да помогнат во правилно формулирање на барањата за подобар и поквалитетен живот. Нашата драга Габриела, главен предавач на проектот на ЛЕСС, ја имаше диригентската палка која не воведе во основните знаења на изготвувањето. Нејзината професионалност беше внимателно следена и овозможи присутните да уживаат во напорните часови. Откако теоретскиот дел од нејзина страна беше презентиран, бевме поделени во две групи – едната Скопје и Штип а втората Прилеп и Струмица. Задачата ни беше зададена за обид како тимови да смислиме идеја која ќе ни послужи за изработка на проект. И двете групи имавме одлични идеи и мисли од областа на економско-социјалниот живот, па откако се договоривме која ќе биде главната поента на целта, пристапивме кон изработка на проектот на хартија. Навидум на почеток проектирањето изгледаше лесно и шематски, но тоа воопшто не е едноставно и дефинитивно се потребни повеќе глави за да биде комплетно помудро осмислувањето. Крајниот ефект се оствари следниот ден кога ја завршивме започнатата практична задача за што бевме пофалени и наградени со извонредни зборови.

И сосема на крај, главната придобивка за нашето здружение секако е нашето присуство меѓу сите, нашиот почеток за обид на изработување на проект преку кој ќе можеме да вметнеме дел од нашите барања, а притоа ќе добиеме бенефити и на крај не доказ туку потврда пред човечкиот потенцијал дека сме негов идеален дел.

*Христина Просковска*

## НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:

**Која година „Мобилност Македонија“ треба да одржи редовни избори за избор на претставници на здруженијата на лица со телесен инвалидитет здружени во „Мобилност Македонија“, во Собранието на „Мобилност Македонија“?**

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи:

**„Мобилност Македонија“ треба да одржи редовни избори за избор на претставници на здруженијата на лица со телесен инвалидитет здружени во „Мобилност Македонија“, во Собранието на „Мобилност Македонија“, на почеток на 2015 година.**

Наградата – викенд за две лица во хотел „Цар Самуил“ во Банско, Струмица, со платени трошоци за превоз во висина на автобуска карта, сметаме дека е доволен мотив читателите да се потрудат околу точниот одговор на наградното прашање и во поголем број да учествуваат во наградната игра.

На седницата на Уредувачкиот одбор на весникот „Мобилност“, од пристигнати повеќе пликови, повторно најмногу од Велес, среќниот добитник го извлече Митко Фидановски еден од уредниците на весникот.

Најмногу среќа и точен одговор имаше членот од „Мобилност Велес“

**ДАНИЕЛА МИТКОВА**

Донатор на оваа награда се сопствениците на хотелот „Цар Самуил“ во Банско, Струмица. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, на телефонскиот број 02/3211-280.

Наградното прашање за овој број на весникот гласи:

**Која година излезе првиот број на весникот „Феникс 86“, од 2013 година преименуван во „Мобилност“?**

Сметаме дека одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека треба само да го читате весникот „Мобилност“ и ќе го дознаете одговорот.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адресата на „Мобилност Македонија“ (ул. 11 Октомври бр. 42-а – Скопје), со назнака „За наградна игра“, најдоцна до 15 јуни 2015 година.

Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија“. Наградата е непреносива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кои го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете шанса, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд во Бања Банско во Струмица.

*С.Прчева*

# СОРАБОТКА ПОМЕЃУ „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ И ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

На 23.12.2014 година, во просториите на Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ) беше одржан работен состанок на кој беа поставени основните темели за понатамошна соработка помеѓу ФФМ и „Мобилност Македонија“. На состанокот присуствуваа: Филип Поповски – генерален секретар на Фудбалската федерација на Македонија, Бранимир Јовановски – претседател на „Мобилност Македонија“, Драган Дојчиновски – генерален секретар на Македонскиот параолимписки комитет, Бобан Јордановски и Никола Делов (членови на органи на „Мобилност Македонија“) кои ја запозна фудбалската



федерација со застапеноста на „најважната споредна работа“ и двата типа на фудбалски средби за лица со инвалидитет каде што има натпревари за слепи (Ф5а) и фудбал за лица со церебрална парализа (Ф7а). Идејата е да се формира национална селекција на лица со телесен инвалидитет и во оваа фаза на пионерски чекори до сега во сојузот има пријавено 15 фудбалери. Планирано е на терените во спортскиот центар „Петар Милошевски“ во комплексот „Куќа на фудбалот“ да се одигра ревијален натпревар со цел да се подигне и зголеми свеста за лицата со инвалидност. По завршувањето на состанокот беа донирани 15 комплети на спортска опрема (маици, шорцови и тренерки) и четири фудбали за футсал.

На работниот состанок стана збор и за пристапот на лицата со инвалидитет до спортските терени, каде што новиот проект на УЕФА од програмата „Хет-трик четири“ го предвидува и овој дел во мегапроектот за реконструкција и модернизација на стадионите во четирите домашни фудбалски центри: Битола, Прилеп, Тетово и Штип.

– Активноста „Капитени на промени“ вклучува низа УЕФА-проекти кои се одржуваат во голем број од европски земји каде што учесниците се стремат кон развој на проекти за различност и инклузија во фудбалскиот менаџмент. „Капитени на промени“ е токму таков проект којшто се однесува на креирање на непречен пристап за лицата со инвалидитет на стадионите во Македонија, непречено тренирање, како и можноста за поттикнување на натпреварувачкиот дух и развојот на пријателства. Фудбалот е спорт за сите и треба да е достапен за секого. Наша одговорност и обврска е да чекориме кон европските стандарди. Искрено се надеваме дека нашите скромни чекори за некого ќе значат скок до трибина. Таму заедно ќе се забавуваме и ќе уживаме во фудбалската игра“ – истакна генералниот секретар на ФФМ, Филип Поповски.

На 12.03.2015 година, во просториите на ДХО „Даре Џамбаз“ се одржа вториот работен состанок на кој присуствуваа претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, генералниот секретар Софка Прчева, генералниот секретар на Македонскиот параолимписки комитет, Драган Дојчиноски, и 11 од вкупно 15 пријавени наши членови за состав на екипа во футсал, како и Филип Поповски, генерален секретар на Фудбалската федерација на Македонија и Ирена Милошевска, проект менаџер во Федерацијата. На средбата беше промовирана и првата заедничка манифестација на која ревијално, на почетокот на мај годинава, ќе се одигра натпревар помеѓу нашите спортисти и вработените во ФФМ, на теренот во спортскиот центар „Петар Милошевски“ во Скопје. Истиот ден претседателот Јовановски, пред вработените во ФФМ, ќе одржи едукативна трибина за правата и изедначување на можностите на лицата со инвалидност, за специфичните потреби за спортување на лицата со инвалидност во различни спортови, за специфични потреби за присуство на стадионите на лицата со инвалидност како гледачи (рампи, тоалети, седишта и платформи на трибините), како и за успесите кои ги постигнуваат лицата со инвалидитет од Република Македонија на меѓународно ниво афирмирајќи ја Република Македонија во светот. Трибината ќе биде одржана во просториите на ФФМ, со интенција слични трибини во блиска иднина да се одржат и со претставниците од клубовите од првата и втората македонска лига. Исто така, ги презентиравме стандардите кои се потребни за пристапност на лицата со телесен инвалидитет во однос на рампи, седишта, платформи, тоалети... и добивме ветување дека во најскоро време ќе се започне со адаптација на четири стадиони од клубовите од прва лига, а подоцна и на стадионите на сите клубови од прва и втора лига.

Исто така, во следната фаза на соработка, ФФМ ќе определи лица во клубовите кои ќе бидат задолжени да им бидат сервис на лицата со инвалидност во однос на набавка на карти и сместување на стадионите за време на одигрување на домашни и меѓународни фудбалски натпревари, како клупски така и репрезентативни.

На 31.03.2015 година фудбалскиот тим на „Мобилност Македонија“ одржа прв заеднички тренинг на терените на спортскиот комплекс „Куќа на фудбалот“ во Скопје под раководство на професионален тренер обезбеден од ФФМ. Тие ќе ги продолжат тренинзите во своите градови и се надеваме дека на почетокот на мај ќе имаме успешна промоција на нашиот сојуз на закажаниот натпревар со вработените во ФФМ.

„Мобилност Македонија“ сака да им се заблагодари за разбирањето и големата поддршка на Фудбалската федерација на Македонија, со надеж дека нашата соработка ќе резултира со многу заеднички проекти во интерес на нашето членство.

*Б.Јовановски*

# ЉУБЉАНА ГО ОСВОИ ТРЕТОТО МЕСТО ВО НАТПРЕВАРОТ „ПРИСТАПЕН ГРАД ЗА 2015“

Во последната деценија, словенечкиот главен град Љубљана е во постојано развивање и привлекување на се повеќе и повеќе посетители од целиот свет. На почетокот на декември 2014 година, Љубљана ја доби третата (бронзена) награда за „Пристапен град за 2015 година“, која е доделена од страна на Европската комисија. Ова признание ја класифицира Љубљана меѓу најуспешните европски градови во областа на пристапноста на јавниот простор за лицата со инвалидност.

Повеќе од 60 европски градови учествуваа на овогодинешниот натпревар за престижната награда, која се доделува од страна на Европската комисија. На доделувањето на наградите во Брисел, на почетокот на декември, шведскиот град Борас ја доби првата награда, финскиот град Хелсинки ја доби втората награда, додека на Љубљана и припадна третата (бронзена) награда.

Наградата „Пристапен град“ е иницијатива на Европската комисија, дизајнирана со цел да се обезбеди поттик за реализирање на основните цели на пристапност опишани во Европската стратегија за лицата со инвалидност за периодот 2010-2020 година. Нејзината цел е да ги потенцира и награди градовите кои систематски ги планираат и спроведуваат мерките за подобрување на пристапноста во урбаната средина за лицата со инвалидност во однос на јавните простори, станови, детски игралишта, јавниот транспорт и комуникациска технологија.

Љубљана е свесна колку е важна инфраструктурата за квалитетот на животот, бидејќи пристапноста е директно поврзана со образованието, културата, спортот, социјалната заштита и здравствената состојба. Обезбедување на пристапност за лицата со инвалидност е еден од приоритетите во тековните активности на градот Љубљана. Напорите да се обезбеди пристапност во центарот на градот беа препознаени на меѓународно ниво уште во 2012 година, кога Љубљана ја доби специјалната награда „Пристапен град“ за зголемување на пристапноста на инфраструктурата за лицата со инвалидност. Тогаш градот Љубљана набави градски автобуси опремени со уреди за аудио и видеокомуникација за најава на излезни станици, автобуска станица, знаци на Браево писмо и мапа на центарот на градот осетлива на допир. Ова во голема мера го олесни користењето на градскиот сообраќај за сите граѓани на Љубљана, меѓутоа и на останатите посетители.

Фактот дека Љубљана беше меѓу прворангираните градови од Европа во конечниот избор на еден ваков важен натпревар не е изненадување. Тоа е резултат на напорна работа и добри практики, кои во голема мера придонесоа за градење на подобра, попријатна и подостапна Европа.

*Б.Јовановски*

# ИЗБРАН НАЈДОБРИОТ СПОРТИСТ СО ИНВАЛИДИТЕТ ЗА 2014 ГОДИНА

На 27.12.2014 година во Македонскиот народен театар, со почеток во 20.00 часот, се одржа манифестацијата „Спортски оскар 2014“ на која беа избрани најдобрите спортисти и спортски работници за 2014 година.

Во категорија најуспешен спортист – лице со инвалидност, номинирани беа спортистите: Оливера Наковска-Бикова, Ванчо Каранфилов (двајцата во стрелаштво со директни квоти за Рио 2016) и Андреј Стојановски – пливање




лица со оштетен слух. За најдобар спортист со инвалидитет беше избрана Оливера Наковска-Бикова (стрелаштво).

Во категоријата најуспешни тренери – селектори на Република Македонија за 2014 година беа номинирани: Бранимир Јовановски – стрелаштво, Ивица Обрван – ракомет, Александар Џикиќ – кошарка, Пеце Белистојановски – карате и Жарко Ристовски – одбојка. Бранимир Јовановски по четврти пат влезе во конкуренција за избор на најдобри тренери на Македонија (2012 година



беше прогласен за најдобар тренер на Република Македонија, а во 2004 и 2010 година го освои второто место зад Јошко Миленковски). Во оваа категорија наградата ја доби селекторот на машката одбојкарска селекција, Жарко Ристовски.

*Б.Јовановски*

# „КАПИТЕНИ НА ПРОМЕНИ“

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ преку Фудбалската федерација на Македонија се вклучи во проектот на УЕФА – „Капитени на промени“. Проектот се спроведува во голем број од европските земји. Целта на овој проект е да се влијае на креирање на еднакви можности за сите во фудбалскиот свет, без разлика на полот, религијата, националната припадност и физичката способност.

Фудбалската федерација на Македонија во рамките на проектот „Капитени на промени“ на натпреварот Македонија – Белорусија, покани членови на „Мобилност Македонија“ да ја поддржат нашата репрезентација. Фудбалскиот натпревар се играше на 27 март на Националната арена „Филип Втори“.

Најмладите членови во инвалидска количка заедно со фудбалерите на Македонија и Белорусија излегоа на теренот



при интонирањето на химните на двете држави. За прв пат деца со телесен инвалидитет во рамките на УЕФА излегоа заедно на терен пред почеток на фудбалски натпревар. Ангела Величковска, Фатуше Незири, Марија Савевска, Јане Велковски, Јована Јовановска, Александар Стојчевски и Антонио Стојчевски, на многу ладно и дождливо време, беа дел од овој настан. Децата беа облечени во соодветна опрема – дрес и носеа капитенска трака, додека родителите кои ги придружуваа носеа маица со логото на проектот. Од претставниците на УЕФА добија на поклон фудбалски топки.

„Капитени на промени“ е проект кој се однесува на креирање на непречен пристап за лицата со инвалидитет на стадионите во Македонија. Фудбалот е спорт за сите и треба да е достапен за секого. Фудбалската федерација на Македонија смета дека со модернизација на нашите стадиони ќе ги отвориме вратите за лицата со инвалидитет. Така ќе можат да ги следат натпреварите во живо, но и да бидат активни учесници. Наша одговорност и обврска е да чекориме кон европските стандарди – истакнуваат во Федерацијата.

Истражувањата покажуваат дека разновидноста води кон просперитет, а фудбалските организации во Европа се стремат што подобро да ги интегрираат маргинализираните групи.

„Мобилност Македонија“ со формирање на екипа од свои членови во футсал, односно фудбал во сала, прави скромни чекори во фудбалскиот свет, а можеби за некого овие чекори ќе значат скок до трибина.

*С.П.*

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ПАРАОЛИМПИСКИ ИГРИ ВО РИО 2016

Во предолимписката 2015 година, Република Македонија влегува во циклусот на квалификации со реална шанса за освојување на директни квоти во стрелаштво покрај веќе освоените квоти од Оливера Наковска-Бикова и Ванчо Каранфилов. Имено, годинава ќе се одржат три квалификациски Светски купа и тоа:

- Светски куп во Осијек, Хрватска 07-15.07.2015
- Светски куп во Сиднеј, Австралија 10-20.09.2015
- Светски куп во Форт Бенинг, САД 01-08.11.2015



Македонскиот параолимписки комитет аплицираше на конкурс во Агенцијата за млади и спорт за добивање на средства за меѓународна програма, меѓутоа не доби доволно средства за учество на потенцијалните кандидати на сите светски купови. Всушност, не доби доволно средства ниту за учество на еден светски куп за пет члена делегација од четири стрелци и еден асистент. Во овој момент, од македонските стрелци со инвалидност, реална шанса за освојување на директна квота имаат Бранимир Јовановски и Лидија Крстеска. Роковите за пријава течат, за првиот светски куп во Осијек ќе бидат пријавени и потенцијалните кандидати и стрелците со освоена квота, првите заради можноста да освојат квота, вторите заради континуитет во настапите на меѓународна сцена, а до средината на месец јуни треба да се аплицира и за учество на останатите купови. Ќе биде мошне сложено и тешко да се остварат целите оф финансиска гледна точка. Останува можноста спортистите индивидуално да бараат средства за учество на преостанатите два, или барем еден квалификациски турнир. Како и да е, Република Македонија ќе биде дел од најзначајниот светски спортски настан идната годна во Рио, Бразил. Прашање е само со колку спортисти ќе учествува на истите, со двајца, тројца или четворица!!? Одговорот на ова прашање може да го даде само времето, а истиот ќе зависи од спроведените подготовки, набавената опрема и доволна количина на материјали (мети и куршуми), како и затворањето на финансиската конструкција за учество на спортистите на сите квалификациски светски купови од програмата на ИПЦ (Меѓународниот параолимписки комитет) во стрелаштво.

*Б.Јовановски*


RESPECT










20 12 2014


20 12




ISSN 1857-8470